# Добрила Миловска

# ЖИТИЈА НА ЖЕНИ-СВЕТИЦИ

## Вовед

***„Тогаш царството небеско ќе заприлега на десет девојки,
кои ги зедоа своите светилници и излегоа да го
пречекаат Младоженецот“.***

***Откр. 19, 7.***

Светоста е највисок идеал на христијанското совршенство и највисоко постигнување во религиозниот живот. Свет е Бог, а свет е и животот на Исус Христос. „Како што е во гревот смртта, така е и во светоста - бессмртноста“[1]. Дури со верата во воскреснатиот Господ Христос човекот го доживува најсудбоносното чудо на своето постоење: преминот од смртта во бессмртноста, од минливост во вечност, од пекол во рај[2].

Исус Христос е свет по природа, а човекот е свет по благодат. Светители станале мал број на из брани христијани кои се осветиле себе си со подвизите на светата вера и со воскреснатиот и вечноживиот Исус Христос. И колку што станувал посвет човекот толку во него било посилно чувството на личната бесмртност и сознанието за сопствената и туѓата вечност. Колку светителите живееле со посвет живот, толку тие биле побесмртни и повечни. Со помош на верата светителите се

---

[1] Јустин Сп.Поповиќ,Житија светих за месец јануар, Београд 1972,с.8.
[2] исто.

соединувале духовно со Светиот Господ Христос и добивале од него „свети“ сили за да водат „свет“ живот.

Светителите биле обожени личности кои Бог ги прославил заради нивниот богоугоден живот на земјата и нивната пастирско-учителска дејност[3].

Светителите воспоставуваат „жива“ врска со „обичните луѓе“. Тие се појавувале во сон за да ги предупредат или да ги утешат тие што грешат. Светителите лекуваат болни или ментално оболени кои доаѓаат во нивните светилишта. Најцврста врска со светите биле нивните реликвии или буквално „работите кои ги оставале по нив“. Реликвијата можела да биде предмет што го користел светителот - како стап за одење, плашт или Библија. Но, највредна реликвија било телото на светителот или деловите од неговото тело. Светителот бил присутен на посебен начин таму каде што биле најдени неговите остатоци. Местото каде бил сохранет светителот морало да остане незаборавено, возвишено искуство за многу луѓе. Илјадници христијани се молат на „светите места“ каде исполнуваат даден завет или се покајуваат.

Најсветлата личност во христијанската религија по Исус Христос неоспорно е Св. Богородица, која е позната и како: „Дева Марија“, „Божја мајка“, „Пресвета“, „Пречиста“.

Во средниот век прославата на Богородица ги надминувала сите светители[4]. За Марија се сметало дека е посебно човечко суштество, таа била девица и мајка, а кога умрела нејзиното тело се вознело на небо.

Богородица во христијанството се смета како симбол на мајчинството, заштитница на христијанството и чуварка на целиот

---

[3] протојереј Јован Таковски,Терминологија од обласа на теологијата,Македонска терминологија,Скопје 1999,с.88.

[4] Џозеф Линч,Историја средњовековне цркве, Београд 1999,с.351.

човечки род. Мајката на Исус Христос зачнала на непорочен начин од Светиот Дух и родила, иако била девствена.

Западните богослови скоро без исклучок пишувале за безгрешното зачнување на Дева Марија. Софроние Ерусалимски ја прославувал Марија со зборовите: „Многу светители се појавија пред Тебе и ниту еден од нив не беше исполнет со благост како Тебе...“. Нешто подоцна Андреј Критски во проповедтта на празникот на Девиното раѓање напишал: „... со денешниот ден започнува преобразбата на нашата природа...“. Околу истата тема во XIV век проговорил Никола Кавасила, кој запишал: „ Земја е Таа, зашто е од земја. Но, Таа е Нова земја, зашто во никој случај не потекнува од своите претци и не го наследила стариот квасец. Таа е ... ново тесто и од Неа води потекло новото поколение“[5]. Од овие и од редица други цитати може да се види дека во патристичката традиција на византискиот период е присутно мислењето дека Марија е смртно битие. Кај византиските писатели особено во нивните хомилетички и химнографски текстови, Дева Марија е прикажана како „потполно спремна“, „очистена“ и „осветена“. И кога овие учења ќе се земат во контекст со учењето за првобитниот грев - дека од Адама е наследена смртноста, а не вината, тогаш нема сомнеж дека Марија навистина била смртно суштество. Но, кај истите тие писатели не е ништо кажано за тоа дека таа го примила посебниот дар на бесмртноста. Од друга страна меѓу богословите воопшто немало сомнеж дека Богородица била смртно суштество. Но, Марија е неодвоива од личноста и делото на својот Син, затоа таа е позната како мајка на овоплотениот Логос, односно како „ мајка Божја“. Бидејќи обожувањето на човекот се случило „во Христа“, таа во извесна смисла е вистинска како и човечкото учествување „во Христа“, односно мајка на целокупното тело на Црквата. Преданието за

[5] Џон Мајендорф, Византиско богословље, Крагујевац 1985, стр.182.

телесното „воскресение“ на Марија од проповедниците и поетите било третирано како есхатолошки знак. Текстовите говорат за природна смрт на Дева Марија и немаат врска со нејзиното непорочно зачнување кое би можело повторно да се доведе во врска со атрибутот на бессмртноста, но и би донело дилема во врска со првородниот грев како наследна смртност. Оттаму, може да се каже дека изразите на побожност и почит кон Марија се еден вид на илустрација на учењето за ипостасното единство на човечката и божествената природа во Христа.

Во канонските евангелија податоците за Дева Марија се многу оскудни.

Според Новиот завет името Марија го носат шест жени. Освен мајката на Исус Христос, се споменува и сестрата на Марта и Лазар, Марија Магдалена, мајката на Јаков, која е позната и како „другата Марија“ или „жената на Клеопа“, мајката на евангелистот Марко и една римска христијанка [6].

Според родословието, Богородица е од „домот Давидов“, како што стои во Светото евангелие според Лука /1:27/. Други податоци за Богородица се наоѓаат кај истиот евангелист во гл. 1:44. На тоа место стои

[6] Сестрата на Марта и Лазар е наречена со тоа име во Лука 10: 38 . На тоа место за неа се кажува дека таа седнала да го слуша Исус наместо да ѝпомага на нејзината сестра Марта во подготвувањето на јадењето. На истото место се кажува дека Марија го помазала Исус со миро.Кај ев. Лука / 7: 37 / се кажува дека жената која го помазала Исус со миро била грешница . Средновековните богослови најчесто ја мешаат Марија од Витанија, со Марија Магдалена. Можно е, Исус да бил помазан дури два пати од различни луѓе или можеби три пати. / Ориген / . Марија Магдалена, чие име ѝ е дадено најверојатно според галилејскиот град Магдала се споменува за време на распнувањето на Исус, а по распнувањето Тој се јавил пред неа / Јован 20: 1 / . Според Лука 8: 2 Марија Магдалена била спасена од зли духови и тогаш се поставува прашањето која била таа грешница / Лука 7 гл. / , која го помазала Исус? Четвртата жена која се среќава со името Марија е мајката на Јаков, попозната како другата Марија.Таа го придружувала Исус до Ерусалим и била присутна на неговото распнувањ е на крстот. / Мат. 27: 55 : 56 / . Таа , заедно со Марија Магдалена била на гробот утредента по Христовото воскреснување. / Мат. 28 ; 1 ; Марк 15 ; 40 ; Лука, 24; 10 / . Според Хегезип -Клеопа бил брат на сопругот на мајката на Исус -Јосиф . Петтата жена со името Марија е мајката на ев. Марко. Таа се споменува единствено во Дела 12: 12. За неа на тоа место се кажува дека во нејзиниот дом се собира ерусалимската црква. Шестата Марија е име на една римска христијанка. Ап. Павел ја поздравува за нејзината работа во името на Господа / Римл. 16: 6 / .

дека по зачатието - Марија ја посетила нејзината братучетка Елисавета, која ја поздравила како „мајката на мојот Господ“: „И откаде со мене ова, при мене да дојде мајката на мојот Господ?“ На зборовите на Елисавета Марија ѝ одговорила со песна, во која го восхвалува Господа /Лука 1:46/: „Мојата душа Го велича Господа“. Во Новиот завет се спомнува дека Марија била заедно со Исус на свадбата во Кана Галилејска: „На третиот ден имаше свадба во Кана Галилејска, и мајката на Исуса беше таму“ / Јоан 2 гл./. Таа се среќава и во друг случај: „ И дојдоа мајка Му и браќата Негови, па стоејќи надвор, порачаа да Го викнат“. /Марко 3: 31/. Мајката на Исус се споменува и кога станува збор за тоа дека била и во подножјето на крстот: „При крстот Исусов стоеја мајка Му Негова и сестрата на мајка Му, Марија Клеопова, и Марија Магдалена“ /Јован 19:25/. Според Новиот завет по вознесението таа им се приклучила на учениците на Исус /Дела. 1:14/.

Тоа се речиси единствените сведоштва за Богородица, сочувани во Новиот завет.

Раѓањето на Св. Богородица [7] не било ни случајно, ни обично, туку тоа било пророкувано од Бога во протоевангелието на прародителите за избавителот на човечкиот род /1 Мој. 3,15/, во многубројните пророштва и кажано од многу старозаветни пророци. Тоа раѓање не било обично, зашто Богородица требало да го роди Синот Божји и затоа требало да се роди во одредено време од родители кои ги одредил Бог, а кои се одликувале со чист, свет и праведен живот, а кои потекнувале од два рода - од еврејскиот, од царот Давид и од родот на првосвештеникот Арон.

[7] За раѓањето на Пресвета Богородица да се види кај: Епископ Николај, Охридски пролог, Ваљево 1991, стр.707 .

Родителите на Богородица - Јоаким и Ана немале деца и тагувале за нив, молејќи го Бога да им подари дете. Бог ги послушал молитвите на Јоаким и Ана и им ја подарил Марија, мајката на Спасителот.

Според зборовите на Андреј Критски, раѓањето на Богородица било „почеток на празникот“ за Богородица. Празникот Богородица во почетокот бил празнуван од Јаковитите, Несториевците, Коптите. Во V и VI век Роман Мелод напишал еден кодак за овој празник. Верниците во Цариград свечено го прославувале овој празник. Во времето на царот Маврикиј /582-602/ биле воведени празниците на „Раѓањето на Богородица“, „ Благовеста “ [8] и „Сретението“[9]. Андреј Критски на овој празник му посветил две проповеди и канон. Овој празник се споменува и во празничното евангелие, кое било напишано со златни букви и кое служело само за читање на најважните празници во црковната година. Од VII век овој празник се споменува на Запад, во Рим, иако таму не се славел до XIX век. Празникот Раѓање на Богородица се слави на 8 септември. По раѓањето на Пресвета Богородица се празнува денот на Јоаким и Ана.

„Воведението на пресвета Богородица“ во храмот е споменато кај разни отци и писатели на црквата.

Праведните родители Јоаким и Ана, бидејќи ја добиле Марија, од благодарност што биле послушани нивните молитви му ја ветиле својата ќерка на Бога. Кога Марија имала 3 години таа била со свечен вход внесена во Ерусалимскиот храм. Ова црквено предание за воведувањето

---

[8] благовест/ благовештение (од цсл.blagovyÃenje) означува блага радосна вест: благовеста што архангел Гаврил ѝја пренел на Пречиста Дева Марија за зачнувањето на Синот Божји-Исус Христос,во нејзината утроба,од Св.дух.
Во случајов овој термин е употребен за Црковниот празник во чест на тој настан.
Истиот празник кај народот е попознат како Благо(в)ец.
Да се види кај:протојереј Јован Таковски,Терминологија…,с.17.

[9] "Сретение" е еден од 12-те големи празници (2 фев.,ст.ст.),во спомен на средбата на Богомладенецот Исус со старецот Симеон,наречен Богопримец.Тоа се случило во 40-от ден по Неговото раѓање,кога Неговата Мајка-Пресвета Дева Марија,според Законот Го донела во храмот да Го посвети на Бога и себе да се очисти.
Да се види кај:протојереј Јован Таковски,Терминологија…,с.95.

на Богородица било запишано уште во II век и тоа прво во апокрифните евангелија, а веќе од IV и V век и кај христијанските верници. Оттогаш, Богородица живеела во храмот и била исцело посветена на богослужбите, на молитвите и на читање на Светото писмо. Таму останала 12 години. Таа била верена со старецот Јосиф од родот Давидов, кој бил од Бога означен за нејзин сопруг. Во бракот Марија останала девица.

Празникот Воведение започнал да се слави многу подоцна, од VIII век наваму. Овој празник се среќава запишан со златни букви во Синајското празнично евангелие. Празникот се споменува и во многу грчки месецослови од IX век . Но, овој празник сѐ уште нема обележје на голем празник, туку само на обичен спомен. Таков е примерот со Типикот на Големата цариградска црква во IX - X век каде денот е одбележан само како: Собор на св. Богородица, кога била предадена од нејзините родители во Храмот господов на три години. Почнувајќи од Евергетидскиот типик од XI век празникот Воведение се прославувал со празнување кое е многу слично на денешново.

За воведувањето на овој празник на Запад најмногу придонел францускиот благородник Philip de Maizičres, кој во 1371 година престојувал како пратеник во дворот на папата Григур XI во Авињон. Празникот бил веднаш прифатен и тоа не само во оваа средина, туку и во повеќе други места на Запад. Нешто подоцна Сикст IV го вовел овој празник во Рим, внесувајќи го во римскиот бревијар, иако не било задолжително чествувањето на денот. Дури папата Сикст V во 1585 година го пропишал овој празник како задолжителен за целата црква. Службата за празникот Воведение била целосно преработена за време на Климент VIII[10].

[10] Лазар Мирковиќ, Хеортологија, Београд 1961, стр.42.

За празникот Воведение биле напишани голем број на црковни песни од разни црковни лица: од никодимискиот митрополит Георгие во IX век, од Сергиј Агиополит од IX век, од кесарискиот архиепископ Василие Пагариот од X век. Претпразничен канон бил составен од Јосиф Химнограф.

На Празникот Благовест се прославува настанот за кој говори евангелистот Лука 1,26-38. Според него на Пресветата Дева ѝ се јавил архангелот Гаврил и ѝ кажал дека таа ќе зачне и ќе роди Син, Исус на кој Господ ќе му го даде престолот на Давид, таткото негов. Кога Богородица прашала како ќе се случи тоа кога таа е девица, архангелот ѝ одговорил дека Светиот Дух ќе дојде на неа, и дека детето што ќе се роди ќе биде Син Божји. Овие кратки податоци во евангелието успешно се надополнуваат со апокрифните евангелија особено со Протоевангелието на Јаков, според кое ангелот прво ѝ се јавил на Марија, потоа таа отишла на извор да налее вода, а кога се вратила дома тој ѝ се јавил повторно.

Празникот Благовест започнал да се празнува доста доцна. На Исток празникот започнал да се чествува од крајот на IV век или од почетокот на V век, а податоци за тоа наоѓаме во изворите од VI - VII век. Скоро во ист период спаѓа и прославата на овој празник на Запад.

Празникот Благовест се чествува на 25 март, зашто раѓањето Христово се слави на 25 декември, а од 25 март до 25 декември има точно 9 месеци. На Запад овој празник е славен на 18 декември, што значи дека празникот се прославувал во два различни термина, сé до XI век кога почнал да се применува римскиот обичај на прослава на празникот - на 25 март. Црковни песни за овој празник напишале повеќемина црковни лица и писатели, како: Андреј Критски, Јован Дамаскин, монахот Козма, Антолиј , Теофан, Лав VI Мудри.

Крајот на животот на Пресвета Богородица црквата го нарекува „Успение“ [11], а не смрт, зашто смртта како враќање на правот во земјата не може да се однесува на Богородица. Господ со петтата заповед наредил да се почитуваат таткото и мајката. Оваа своја заповед јасно ја покажал со својот личен пример кога бил распнуван на крстот.

Иако бил во маки тој се сетил на Својата Мајка и покажувајќи на апостолот Јован ѝ рекол: „Еве ти син!“ Потоа се свртел накај Јована и му рекол: „Еве ти мајка!“ Откако ја згрижил својата мајка - Исус починал. Јован имал дом на Сион, во Ерусалим. Таму заживеала и Богородица која останала на тоа место сé до крајот на својот живот на земјата. Марија во Ерусалим секојдневно сакала да ги посетува: Витлеем, Голгота и Елеонската гора. Таа се сретнала и со св. Игнатиј Богоносец во Антиохија, со св. Лазар, епископот Кипарски, а ја посетила и Света Гора која ѝ ја благословила. Кога подостарела таа често одела на Елеонската гора и му се молела на Господа да ја земе кај себе. Веста за нејзиното Успение ѝ стигнала од архангелот Гаврил кој ѝ прорекол дека таа по три дена ќе биде упокоена. Таа со радост ја примила оваа вест и посакала уште еднаш да ги види сите Христови апостоли. Господ ѝ ја послушал нејзината желба и сите апостоли биле донесени во домот на Јована, на Сион. Откако ги утешила и посоветувала, таа му го предала својот дух на Бога. Апостолите го зеле нејзиниот ковчег од кој излегувал благопријатен мирис и во присуство на голем број христијани го пренеле во Гетсиманската градина, во која се наоѓала гробницата на св. Јоаким и Ана.

---

[11] Успение на Пресвета Богородица е голем Богородичен празник,кој се слави на 28(14 ст.ст.) август,во спомен на упокојувањето(телесната смрт) и воскресение на Мајката Божја. Според преданието по вознесението на Христа на небото,за Пресвета Дева Марија се грижел најмладиот Христов ученик-апостолот Јован.Денот на нејзиниот крај ѝ бил откриен од Господа.На тој ден апостолите на чуден начин биле донесени во Ерусалим.Единствено со нив не бил ап.Тома.Кога дошол по три дена и тој сакал да го види нејзиното тело во гробот.Но,тоа веќе не било таму.Црквата верувала дека нејзиното тело е вознесено на небесата и дека "таа е првиот прославен член на човечкиот род,која минала од смртта во живот,и која нема да оди на суд." (протојереј Јован Таковски,Терминологија…,с.101).

Овие моменти се проследени со многу интересни чуда. Едно од тие чуда се поврзува со еврејскиот свештеник Атониј, кој го фатил со раце ковчегот со намера да го преврти, но во тој момент Божјиот ангел му ги пресекол двете раце. Откако изјавил дека верува во Господа Исуса Христа - нему апостолите му ги вратиле рацете. Според Божја промисла било и отсуството на апостолот Тома. Тоа е поврзано со откривањето на една нова, преславна тајна за Света Богородица. На третиот ден дошол и овој апостол да ѝ го целива телото на Пресвета Марија. Но, кога бил отворен нејзиниот гроб била најдена само нејзината плаштеница, додека нејзиното тело не било во неа. Вечерта таа им се јавила на апостолите со зборовите: „Радувајте се, јас ќе бидам со вас за навек“.

Иако не се знае точно на колку години било Успението на Богородица - се претпоставува дека таа имала повеќе од 60 години кога го напуштила земниот живот[12].

Податоци за Успението на Богородица се наоѓаат дури од VIII век, за што нѝ сведочат Евсевие Кесариски и Епифание Кипарски. За Успението на Богородица станува збор и во писмото на Дионисиј Ареопагит до еп. атински. Преданија за успението на Богородица биле запишани во Геласиевиот список на апокрифни книги, кај Григориј Турски, каде што се кажува дека телото на Богородица било земено во облак и однесено во рај, каде душата повторно се соединила со него. Најстарата беседа за Успението на Богородица била напишана во VII век. Едно столетие подоцна биле напишани три беседи на Успението на Богородица од св. Андреј Критски и три од Јован Дамаскин [13].

---

[12] Епископ Николај, Охридски пролог, Ваљево 1991, стр. 634.

[13] Повеста за успението на пресвета Богородица може да се види во бројни грчки, латински, сириски, арапски и коптски ракописи. Да се види: Die verschiedenen Fassungen der Legende von Marias Heimgang kaj E. Lucius, Die Anfange des Heiligenkults in der chistlichen Kirche, 512.

Во почетокот бил прославуван само еден Богородичен празник од кој подоцна се развил празникот Успение на Богородица. Празникот на Богородица бил славен секоја година и во палестинските манастири и во Ерусалим. Сведоштва за тоа се наоѓаат во еден панегирик од монахот Теодор, подоцна епископ Петар, кој кажува дека денот кога се чествувал споменот на Богородица секоја година бил многу свечено прославуван. На ова место не се кажува дали е тоа споменот на Успението или пак се работи за општиот спомен на Богородица. Од VII век во Богородичната црква Успение Богородичино во Гетсиманија празникот се прославувал на 15 август. Празникот Успение на Богородица во Византија му се припишува на царот Маврикиј. Кај историчарот Никифор Калист има податок кој ни́ говори дека царот Јустинијан наредил да се слави Сретението, а царот Јустин - Успението на пречиста Богородица. Од VIII век празникот Успение доста се празнувал, бидејќи од тој период има три проповеди од Андреј Критски, потоа три проповеди од цариградскиот патријарх Герман и три проповеди од Јован Дамаскин.

Во Византија празникот се чествувал во август месец.

На Запад денот на празнувањето на Успението на Богородица се движи меѓу јануари и август [14].

Најсвечените прослави на празникот на Успението се слават во подземната базилика во Гетсиманија, во која се наоѓа гробот на Богородица. Во гетсиманскиот манастир се чува плаштеница - плаштот и сликата на Богородица, која на 12 август во 2 часот свечено се пренесува од Ерусалим во Гетсиманија, во спомен на преносот на нејзиното тело од Сион во Гетсиманија. На 14 август меѓу 9 - 10 часот се одржува служба за погребот на Богородица. Плаштот на Богородица се задржува во

[14] Лазар Мирковиќ, Хеортологија ..., стр. 54 - 55.

Гетсиманската црква сé до завршувањето на празникот, а потоа повторно се враќа во Ерусалим, на ист начин на кој што бил и донесен.

Според „Успението на Богородица“ /Макариј, Чет-минеј, август/ на третиот ден од погребувањето на Богородица нејзиниот гроб бил отворен за да ѝ се поклони Тома, кој не успеал да стигне на нејзиниот погреб. Пред очите на апостолите се открил празниот гроб на Марија, во кој тие единствено ја виделе нејзината плаштеница или нејзиниот покров. Секоја година монасите на празникот „Успение Богородичино“ ја изнесувале плаштеницата на мајката во светиот град, од каде таа била одново пренесувана во Гетсиманија. Како место каде апостолот Тома „го примил“ појасот на Богородица се споменува градот Ерусалим, близу до Соломоновиот храм.

Црквата ја прославувала Пресвета Богородица како покровителка и заштитничка на христијанскиот род, зашто таа со своите ходатајствени молитви го умилостивувала Бога да им прости на грешниците. Безброј пати Богородица им помогнала на многу луѓе во неволја.

Од Богородичните празници од особено значење е празникот Покров на Пресвета Богородица, кој се слави на 1 октомври. Празникот Покров е поврзан со еден настан кој се споменува и се празнува во црквата. Празникот е само уште еден доказ повеќе за постојаното „покровителство“ на Пресвета Богородица над христијанскиот род. Конкретно, тој е поврзан со местото Влахерна, кое се наоѓа на северо-запад од Цариград, кај Златниот рог. Во ова место царицата Пулхерија, жена на царот Маркијан, подигнала црква која била позната како Влахернска. Овој комплекс бил проширен со споредна црква во која царот Лав I Велики ја ставил нешиената риза на Богородица во ковчег од сребро и злато. На ова место се одржувало сеноќно бдеење во чест на Пресвета

Богородица. Заедно со облеката на Св. Богородица[15] овде се чувал нејзиниот омофор [16] и дел од појасот.

Според житието на Андреј Јуродив[17] - блажениот Андреј за време на бдеењето во Влахернската црква ја видел Св. Богородица со „јасни очи“. Богородица долго се молела, облевајќи го со солзи своето боговидно лице. А кога завршила со молитвата го зела својот мафорион со пречистите раце, го раширила над целиот народ кој стоел таму и милостиво го покрила.

Празникот Покров првобитно се појавил во Русија. Во оваа земја биле изградени и цркви, посветени на овој празник, уште од XII век. Од руската црква празникот се пренел и во српската црква. Пренесувањето на овој празник дошло преку руските богослужбени книги во XVII и XVIII век, за што нѝсведочат и црквите, посветени на празникот Покров.

Празникот нема ни пред, ни по празнувања. Следниот ден по овој празник на 2 октомври се чествува споменот на преп. Андреј Јуродив.

---

[15] Под 2 јули стар календар или под 15 јули во календарот е одбележан дено **Полагање на ризата на пресвета Богородица во црквата Влахерна**, во Цариград. За време на царот Лав Велики, царицата Верина и патријархот Генадиј двајца цариградски благородници / Галвиј и Кандид / , патувале по Светата земја, за да се поклонат пред тамошните светии. Во Назарет тие отседнале во куќата на девицата Еврејка, која во тајна соба ја држела ризата на Пресвета Богородица. Многу болни добивале исцелување од своите маки само со допирот на ризата. Галвиј и Кандид ја зеле светињата и ја пренеле во Цариград и за тоа го известиле царот и патријархот. Настанот предизвикал голема радост во царскиот град. Рицата била свечено пренесена и положена во црквата Влахерна. Црквата го востановила овој ден како спомен на денот кога била положена ризата на пресвета Богородица во црквата Влахерна.

[16] Под "омофор" се подразбира горна женска облека, огртач, кој се завиткува околу главата и околу целото тело.
На секоја стара икона Богородица е прикажана со горниот дел од облеката.

[17] Житието на св. Андреј било напишано од Никифор, кој бил презвитер во црквата Св. Софија во Цариград , во пол.на X век. Се претпоставува дека презвитерот Никифор го напишал автографот на житието на св.Андреј, а самото житие било преведено на словенски во XI или во почетокот на XII век / види:K.Krumbacher,*Geschichte der byz. litteratur, 197 /.*

За Богородица особено станува збор во новозаветните апокрифи, кои говорат за животот на личностите од христијанската историја, пред сé за Исус Христос и Богородица.

За Исус Христос, но пред сé за Богородица подробно се раскажува во апокрифното Протоевангелие на Јаков /прото = прво/ кое било широко распространето сé до XIX век. Овде како автор се појавува Христовиот ученик Јаков, кој говори за животот на Христовата мајка Марија, за нејзините родители, за раѓањето на Исус и за бегството на родителите и на новороденчето во Египет, за да се спасат од мечот на Ирод. На Богородица ѝ е посветен апокрифот: „Одењето на Богородица по маките“. Овој апокриф е еден од најпопуларните дела на апокрифната литература во кои се соединети фантастичните визии на пеколот со социјалните сфаќања на средновековниот читател. Во апокрифот станува збор за одењето на Богородица во пеколот во придружба на архангелот Михаил. Пред очите на читателот излегуваат мошне пластични слики од натуралистичките сцени за казнување на грешниците. Во апокрифот е опишана огнената река во која стојат разни грешници, додека огнените јазици им допирале до главата, појасот или доградите што зависело повторно од тежината на гревот /кривоклетство, убиство, непочитување на кумство и др./. Грешниците биле составени од разни експлоататори и нехумани луѓе, трговци, калуѓери, цареви, владици, лажни учители, мајки на крвници.

Освен богослужбените и химнографските дела кои влегуваат во секојдневниот циклус на богослужење биле напишани и голем број на дела, посветени на Богородица. Со текот на времето биле создадени антологиски избори со најубави дела во кои станува збор за чудата на Богородица. За нивната популарност во писмената традиција говорат и големиот број преписи на ракописи и печатени книги. Еден дел од тие

текстови се поврзани со чудата на Св. Богородица[18].Чудата тематски се поврзани со помошта на Богородица која таа им ја дава на оние кои се во некоја неволја, а притоа ѝ се молат и веруваат во неа и во Христа. Делата поврзани со чудата на Св. Богородица имаат голема мотивска разновидност. Едни чуда говорат за бесовите кои ги прогонуваат луѓето, други за мотивот на девојката која се нашла пред големо искушение, потоа чудата за два манастири, за светата Лавра Атонска и за манастирот Ивирон, чудата со мотивот за човекот кој му се продал на ѓаволот, чудата поврзани со мотивот на воскреснување, чудата поврзани со помошта на ослепените луѓе. Во сите овие и слични случаи Богородица е прикажана како исцелителка, како заедничка помошничка на сите христијани и како молителка на Бога за сите кои плачат, кои се немоќни и жални.

На Богородица ѝ се посветени повеќе култни места, т. с. светилишта, изградени во средниот век, кои со текот на времето прераснале во значајни книжевни и верски центри на Балканот[19].

Најновите проучувања на зборниците со женски житија покажуваат дека тие биле застапени во византиската традиција, иако само во Бдинскиот зборник се содржани текстови , посветени исклучиво на жени - светици.

Денеска, жените - светици се застапени во повеќе ракописи, и тоа во :1. Номоканон од 1295 година, направен за кралицата Елена Анжујска, сопруга на српскиот крал Урош I. Овој ракопис бил напишан од монахот

[18] Међу составувачите на чудата на Св. Богородица бил и: Григориј од Тур во VI век, Златната легенда на Јаков од Ворагина, Огледало на Винценцие од Бова и Дијалогот на чудата и Книгата на чудата од Цезарие од Хајстербах.По два века настанале Чудата на Богородица од Фрањо од Силва, Спасувањето на грешните од Агапија Ландос. На скитот Света Ана настанале Чудата на Богородица од Самуило Бакачиќ.

Да се види подетално кај: Агапије Ландос Кри}анин, Чуда пресвете Богородице, превод са српскословенског и поговор-Томислав Јованови}, Вршац 2000, стр.234.

[19] Да се види поопширно: Михајло Георгиевски, Култните места во Македонија, посветени на Св. Богородица како значајни средновековни книжевни центри,Балканославика, 16-18 стр.17-25.

Герман во Милешево, а е познат според препис од XVI век. Ракописот се чува во Архивот на Романската академија на науките, бр./285, во Букурешт; 2. Празничен минеј од 4. дек. до 2. фев., од XIV век /дел од Братковиот минеј/. Ракописот е напишан по желба на Радослава, а се чува во Народната библиотека во Белград, под бр. 647; [20] 3. Книгата „Рај или Сад", која била направена по порачка на царицата Елена, сопруга на Стефан Душан. Ракописот е сочуван според препис од XVI век, а се чува во Лајпцишката градска библиотека; [21] 4. Зборник од житија на жени - светици /Бдински зборник / од 1359/1360 година, направен по порачка на царицата Ана, сопруга на Иван Страцимир. Ракописот денеска се чува во Универзитетската библиотека во Белгија; 5. Псалтир /„Песнец"/, напишан во 1371 година за деспотицата Елена, сопруга на Јоан Углеша, која е попозната според монашкото име Ефимија. Ракописот се чува во Црковниот музеј во Сараево, Сар. Ц. М., N 7 < [22] 6. Минеј за мај, јуни, јули и јануари, добиен на подарок од Мара, сопруга на Вук Бранковиќ од околу 1398-1425 година. Ракописот е изгорен за време на Втората светска војна;[23] 7. Книгата „Дијалог" од 1409 година, составена по порачка на деспотицата Евдокија, ќерка на Георги I Балшич. Ракописот го составил инок Герасим на Скопска Црна гора. Нему подоцна му се изгубила секоја трага. По сé изгледа тој бил меѓу ракописите кои изгореле во манастирот „ св. Павел" во Света гора; [24] 8. Богородичник од 1425, напишан за Мара Лешева. Ракописот бил напишан од Арсениј, а се чува во Москва, ГИМ, Муз. 3483; 9. Горички зборник од 1441 / 42 година, подготвен за Елена која

[20] Љ. Штављанин - Ѓорѓевиќ, М. Гроздановиќ - Пајиќ, Л. Церниќ, Опис ќирилских рукописа Народне библиотеке Србије, Београд 1986, стр.340-345.

[21] А. И. Јацимирски, Slave 8 , стр. 535 - 543.

[22] Љ. Стојановиќ, с. 45.

[23] Љ. Стојановиќ, Каталог 177
Истиот, рк. бр. 236, с. 75.
Истиот, рк. бр. 177, с.54-55.

[24] Љ. Стојановиќ, рк. бр. 216, с. 68.

му била сопруга на Георги II Балшич. Ракописот го подготвил нејзиниот духовен учител Никон Ерусалимец. Денеска овој ракопис се чува во САНУ, под бр. 446; [25] 10. Лествица од 1434 година, која била направена како порачка од свекорот на Ангелина-деспотот Георги Бранковиќ. Ракописот го пишувал Давид во градот Смедерево. Денеска се чува во МСПЦ 97;[26] 11. Хомилии на Јоан Златоуст. Ракописот бил во сопственост на деспотот Стефан Слепи. Денеска тој се наоѓа во МСПЦ 100; [27] 12. Толкувања на делата и посланијата на апостолите од Јоан Златоуст и др. отци; [28] 13. Шестоднев на Јоан Златоуст, напишан во 1451. Според записите овој ракопис го пишувале повеќемина пишувачи и тоа: Давид, Никола и др. писари. Денеска ракописот се наоѓа во ПБ, под бр. 120.[29] Меѓу најстарите зборници спаѓаат хагиографските зборници, посветени на жените - светици, кои се составени од наративни текстови за жените. Еден од тие зборници е веќе споменатиот Бдинскиот зборник, кој бил подготвен за сопругата на царот Иван Страцимир /околу 1352 - 1369 / - царицата Ана. Зборникот ѝ е целосно посветен на женската светост. Во него се содржани 12 пространи житија и 4 проложни како и едно Слово за светите места.

Според најновите проучувања[30] овој зборник не бил настанат ниту како превод од византиски текст, ниту од грчки, туку тој е компилиран на словенска почва врз основа на постари преводи. Бдинскиот зборник се појавил во времето на мистицизмот, кога се јавил интерес за исихазмот и за градење на нова, теолошка концепција на Светата невеста која

[25] Д. Богдановиќ, Инвентар Ќирилских рукописа у Југославији / XI-XVII века / , Београд 1982, с. 34.
[26] Д. Богдановиќ, рк. бр. 504, с. 48.
[27] Д. Богдановиќ, бр. рк. 1814, с. 120.
[28] Д. Богдановиќ, рк. бр. 151, с. 25.
[29] Д. Богдановиќ, рк. бр. 2211, с. 140.
[30] Нина Георгиева, Съставителската концепция на Бдинскиъ сборник, образованите владетелски съпруги и техните книги, Медиевистика и културна антропология, София 1998, стр.258-259.

актуелизира редица маргинални женски култови[31]. Четирите проложни житија се преземени од простиот пролог, а последното слово, наречено Слово за светите места најверојатно, е плод на компилација на слични текстови кои постоеле како преведени на словенски јазик[32].

12 - те житија се разделени на две групи, и тоа: на шест - преподобни - Словото за Аврам и Марија, житијата на св. Теодора Антиохиска, св. Таисија, св. Ефросинија , св. Марија Египетска и св. Евпраксија и на уште шест маченички житија - и тоа, житијата на: св. Текла, св. Петка, св. Варвара, св. Марина, св. Екатерина и св. Јулијана.

Прегледот на преписите на житијата на жени - светици ни́ покажува дека тие се среќаваат во релативно мал број. Меѓу нив се наоѓа еден ракопис кој изгорел за време на Втората светска војна /рк. бр. 6/, и друг ракопис на кој му се губи трагата за време на пожарот во Светогорскиот манастир „Св. Павел“ /рк. бр. 7/ .

Постоењето на житија на жени - светици во христијанската традиција не е можно без постоење на христијански обрасци, какви што се деловите на 5 - те разумни девојки од евангелската приказна за 10 - те девици /Матеј, 25:1-13/ и Невестата на Небесниот Младоженец од Песна над песните.

Најпопуларниот мотив во женската хагиографија е мотивот за **Небесниот младоженец**[33]**.** Тој е присутен во 6 пространи житија од Бдинскиот зборник - во житието на св. Теодора, св. Текла, св. Марина, св. Таисија, св. Ефросинија и св. Евпраксија. Во 5 житија светиците се овенчуваат со „небесна награда“ за својот подвиг, а само во случајот со св.

[31] Аделина Ангушева-Тиханова, По следите на един исчезнал жанр, Медиевистика и културна антропология , София 1998, стр. 282.

[32] Petrova M. A., Picture of female Religious Exregience> Late - Byzantine Anthologies of Women Saints. / Kobieta w kulturze sredniowiecznej Europu. Poznan, 1995, s. 195 -200.

[33] Според Новиот завет Господ е божествениот младоженец , а црквата е Невеста на Христа / Еф. 5:25 и др.; Откр. 19: 7 / .

Евпраксија - нејзината смрт е рамна на брак со Небесниот младоженец. Оваа светица уште на 7 - годишна возраст му се ветила на Бога, на 12 - годишна возраст им го разделила богатството на сиромашните и заминала во манастир. Потоа, таа го примила свадбениот венец.

Библиски мотив преовладува и во житието на **св. Екатерина.** Нејзиното житие е вклучено во Бдинскиот зборник. Таа била верна христијанка која била образована за своето време и која ја знаела „целата премудрост Виргилиска и реториката и Асклепиј и Гален, Аристотел, Омир, Платон, Филистон, Евсевиј...“. Таа самата му се обратила на императорот Максентиј, а во Александрија успеала да победи 50 ритери и да ги покрсти. На тој начин се исполнило прореченото од ангелот дека: „ ќе ти се даде Премудрост во твојата премудрост и ќе ги победиш... и ќе ги спасиш после“. Мотивот на добивањето на овој дар „од горе“ се среќава во разни варијанти. Еден пример за тоа е пространото житие на Кирил Филозоф односно една епизода во текстот во која станува збор за пророчкиот сон на Кирил во кој тој за своја животна придружничка си ја избрал Софија, т. с. **Премудроста.**

Но, има уште еден наративен елемент кој е поврзан со Премудроста во Новиот завет. Тој елемент е млекото на Премудроста и вечниот живот. Имено, кога мачителите ѝ ја пресекле главата на св. Екатерина од тоа место потекло млеко наместо крв.

Во овој случај млекото е симбол на Христовата крв, на спасението, кое впрочем е запишано и во Првото послание на апостолот Петар /2 :2/. Млекото кое истекува од телото на оваа светица се користи како симбол на благополучие /Ис. 60:16/ и на потхранувачката сила на Божјото слово /Ис. 55:1/, односно тоа се јавува како нефалшифицираност и вистинитост на христијанското учење, како дар од Бога за новопокрстените и уште подлабоко како евхаристична храна.

Слично на житието на св. Екатерина - житието на **св. Текла** е мошне интересно како пример на житие што се однесува на дохристијанската религиозна традиција. Од гледна точка на христијанството - житието на св. Текла го следи апостолскиот модел при раскажувањето: св. Текла го напуштила свршеникот и мајка ѝ и тргнала по патот на апостолот Павле, преправена како маж.

Житието на св. Текла е многу интересно за анализа од гледна точка на „женскиот елемент“ во текстот кој оди во спрега со мотивот за силата на чувањето на девството. На пример, кога таа била соблечена за да биде мачена, „огнен облак“ ѝ ја покрил голотата.

Во канонските евангелија има жени кои имале слична судбина со таа на св. Текла. Тоа била судбината на **св. Марија Магдалена**, чиј лик потсетува многу на сестрите на Лазар - Марта и Марија. Св. Текла според своето мачење со ѕверовите, сепак стои најблиску до библискиот лик на пророкот Даниил, кој бил фрлен меѓу лавови, но кој со Божја помош останал неповреден.

Со подвиг на маченица се закитила и светицата **св. Теодора.** Таа некогаш била „грешница“ која ги покајувала своите гревови, преправена во маж.

Убиството на змејот од „братот Теодор“ е библиска претстава за победа над злото, кое во христијанската традиција редовно се поврзува со ѓаволот, односно змејот.

Со слични елементи се среќаваати хагиографиите на девиците - мачителки - св. Марина и св. Јулијана.

**Св. Марина** кога имала 15 години чула за мачењата на светите мажи и започнала да го моли Бога да ја направи силна за да ги победи враговите /ѓаволот/. Кога започнале измачувањата, нејзе ѝ излегол „голем и страшен змеј“. Со помош на Божја сила и молитви - чесниот крст му ја отворил

утробата на змејот и тој исчезнал. По него св. Марина ја надвиснал „црн бес“, кој ѝ рекол нејзе дека таа не го победила ѓаволот, туку неговиот чичко Руф. Но, Господ ѝ се јавил на св. Марина и темнината ја исполнил со светлина, се јавил крст „до небесата“ и една гулабица на крстот, која слетала кон неа и ѝ рекла: „Радувај се Марино, која го посрамоти ѓаволот..., „подготвен ти е венецот на победата...“ Небесната награда која ја добила Марина не е „свадбен венец“, туку „венец на победата“, што е отстапување од карактеристиките на женските хагиографски обрасци.

Хагиографијата на **св. Јулијана** е убав пример на благородна девица која самата си го наоѓа својот пат до Господа, по напуштањето на сопругот, кој одбил да го прими христијанството. Кога започнале да ја мачат ѝ се јавил ѓаволот, наговарајќи ја да се откаже од подвигот. Во оваа хагиографија особено е потцртан мотивот на воинственоста, кој ја направил оваа светица посилна од светите мажи.

Во Бдинскиот зборник се претставени две рамноапостолски групи: на маченички и рамноапостолски жени. Во хагиографиите се дадени некои од библиските ликови на женската светост - Невестата, Премудроста, Марија - Магдалена, „Борбата со Ѓаволот“, ѕверо-борци. Жените - светици во Бдинскиот зборник ги извршуваат сите типови на подвизи, а еден дел од нив извршуваат и подвизи кои ги надминуваат светите мажи, факт на кој особено се инсистира во хагиографиите.

Житието на св. **Марија Египетска** е познато според бројни преписи од XIII-XIV век , а се наоѓа и во еден руски Торжественик од XIV век. Во повеќе словенски редакции е познат според преписи од XV век. Еден хагиографски текст, со црти од македонскиот народен говор забележал и Марко Цепенков, под наслов: „Има една света Марија што је пишана во календаро на први април. Коа била Марија девојка, толку била лична, што кој ќе ја видел, ашик ќе се сторел на нејзината убавина. Бидејќи толку

лична што била, секој богат човек сакаше да се стави со неа, и секој безброј пари је давал и је таксувал. Не само богати луѓе је таксувале пари, ами књазои и цари је таксувале. А со денеска, со утре, ја кандисале. Што ти велат, ѓаол усилен да дотера да биде прва курва на веко"... Во продолжение се дава епизодата поврзана со игуменот, кој на убав начин сакал да ја одврати Марија од лошиот живот. По овој момент приказната е дадена според хагиографскиот текст. Интересно е дека во некои руски легенди Марија се поврзува со родоскрвниот грев - таа се мажи за својот син, по што следи покајувањето. Марија била погребана од лавови, слично како и во Легенда Ауреа, а епизодата со нејзиното неуспешно влегување во црквата се поврзува со едно од чудата на св. Богородица, поврзани со нејзиниот лик на влезот од црквите.

Обично при разгледувањето на житијата на жените светици голема забуна внесува токму името на светицата - **св. Петка**. Која е таа св. Петка која била застапена во Бдинскиот зборник и дали имало и други светици со истото име?

Потребно е, веднаш да се каже дека во православната црква се празнуваат три светици кои го носат името Параскева /Петок/ [34]. Првата од нив потекнува од времето на императорот Антонин[35]. Таа се прославувала на 26 јули. Втората маченица - св. Параскева потекнува од времето на Диоклецијан. Црквата ја празнува оваа светица на 28 октомври. Третата св. Петка /Параскева/ живеела во XI век, а била родена во Епиватос и била наречена Трновска[36]. Црквата ја слави оваа светица на 14 октомври.

---

[34] Името света Параскева или Петка доаѓа од грчкиот збор ПАРАСКЕВИ, што значи - петок.

[35] Нејзиното житие е напечатено во Споменик XXIX и во Бдинскиот зборник од 1360 година.

[36] Ѝ. Иванов, Български старини из Македония , С., 1931, стр. 424.

Според житието светицата била родена во селото Епиват, близу градот Каликратија во Тракија во X век. Таа прво била во Палестина, а потоа и во Јордан и поминала долги години со молитва, пост и солзи. Целиот свој живот Параскева им се предавала на строгите подвизи и во сé го следела примерот на светителите. По примерот на пророк Илија и на свети Јован Крстител, таа се хранела само со пустинска трева, во мала количина, и тоа по заоѓањето на сонцето.

„Постојано топејќи се од жега и од мраз, таа ги издигаше очите само кон Единиот Бог, Кој смирените по срце може да ги спаси од малодушност и од бура“ [37].

Таа поминувала само со пост, молитва и бдеење, умртвувајќи го своето непорочно тело и потчинувајќи му го на духот. Во житието на светицата биле употребени неколку епизоди кои имаат демонолошки карактер. Тие епизоди во житието се поврзани со разни демонски искушенија, со ѓаволот кој се јавувал во разни облици. Додека преподобна Параскева во пустината водела „таков“ живот, лукавиот непријател - ѓаволот ѝ завидувал на нејзините добродетели и се обидувал да ја заплаши со разни мечтаења и привидениja. Често пати тој земал облик на разни ѕверови и ја напаѓал светата подвижница за да ја спречи на патот кон подвигот. Но, во житието светицатта е претставена како многу мудра, „со машки разум“ со кој го победила ѓаволот како што Давид го победил Голијата. Житиеписецот често пати ја користел молитвата како еден вид на интимна исповед. Таков лирски момент е предаден во житието на светицата кога таа според својот обичај стоела на молитва и со умиление рацете свои ги подигала кон небото, молејќи ѝ се на Мајката Божја:

[37] Житие на преподобна Параскева-Света Петка, текстот го преведе и обработи Протоѓакон Јован Таковски, Скопје 1982, стр. 7.

„Тебе, Владичице, Ти го предадов целиот свој живот и на Тебе, Дево, ја полагам сета своја надеж: не отфрлај ме мене бедната, немој да се гнасиш од својата слугинка, која од младоста Го следи Твојот Единороден Син. Дево, ја знаеш немоќта на женската природа, го знаеш страдањето на мојата душа, немам друга надеж, немам друга заштита, Ти си ми наставница, Ти си ми застапница. Ти си пазителка на целиот мој живот. Додека одев во пустината, Ти ми беше помошник, а сега, кога се вратив во светот, од каква друга помош имам потреба, освен од Тебе?! Затоа сега, Владичице, заштити ме и биди ми сопатничка, учителка, и патеводителка до крајот на мојот живот, зашто друга надеж, освен Тебе, немам“ [38].

Пред крајот на животот светицата се вратила во родниот крај, меѓутоа таму никој не ја познал. Умрела во XI век по нејзиниот богоугоден и набожно поминат анахоретски живот .

Моштите на св. Петка првобитно биле во Епиват, во црквата на Петар и Павле од каде Иван Асен II во 1238 година ги пренел во Трново. Пренесувањето на моштите станало на свечен начин со учество на митрополитот Марко, со целиот царски двор на чело со царот Иван Асен II, мајка му - царицата Елена и жена му Ана и со целиот народ. Моштите биле положени во црквата на дворот во 1238 година, а оттогаш оваа светица се именува како Трновска.

Кога Турците го зазеле Трново моштите на св. Петка биле пренесени во Влашко. Во 1396 година со помош на кнегиња Милица моштите биле пренесени во Белград. Кога султанот Сулејман II го зазел Белград во 1521 година моштите на св. Петка биле пренесени во Цариград, во дворот на султанот каде биле прославени не само од Христијани, туку и од Муслимани. Моштите понатаму им биле дадени на цариградските Христијани кои со големи почести ги положиле во патријаршиската

[38] Житие нас преподобна Параскева - света Петка ... , стр . 8 - 9.

црква. Во 1641 година молдавскиот војвода Василиј Лупул со дозвола на цариградскиот патријарх Партениј ги пренел моштите на св. Петка во својот град Јаш,[39] во црквата на „Тројцата светители“, кадешто и денеска почиваат.

Од сите три Параскеви најмногу се почитува преподобвна Параскева Трновска, која обично е позната како: света Петка.

Култот на св. Петка е широко распространет низ целиот Балкански Полуостров. За оваа висока почит спрема светицата многу придонело житието на Ефтимиј Трновски, кое станало пример за пишување на нови житија за оваа почитувана балканска светица. За зголемување на нејзиниот култ важна улога одиграле и нејзините мошти кои биле раселувани во повеќе земји. Утврдено е дека култот на одделни светци е посилен таму каде што биле тие или каде што се наоѓаат во моментот.

Во Белград има лековита вода која е вода /агиазма/ на света Петка. Таа ги лекува сите болни кои веруваат во Бога и во љубовта кон оваа светица.

Во грчкиот Синаксар е запишан еден случај за чудната помош на св. Петка на островот Хиос во 1442 година. Еромонахот Амвросиј служел вечерна во црквата Св. Петка. Во црквата немало никого. При крајот плиснал дожд кој паѓал цела ноќ. Амвросиј не можел да излезе од црквата. Мислејќи дека островот ќе пропадне од потопот кој му се заканувал, почнал да ѝ се моли на св. Петка да ја спаси неговата татковина и да го умилостиви „праведно“ разгневениот Бог. Пред зората задремал и тој видел како го снемало покривот на црквата, а потоа видел еден светол облак и во него благообразна жена како му се моли на Бога. По молитвата таа му се јавила на свешеникот Амвросиј и му кажала дека неговата татковина ќе биде спасена. И дождот веднаш престанал.

[39] Градот Јаш е главен град на Молдавија, која со Валахија ја сочинува денешна Романија.

Оттогаш на островот Хиос многу свечено се празнувал денот на св. Петка[40].

Ако е петок - денот во кој се родила Св. Параскева и ден на мртвите, тогаш неделата е ден кој се персонифицира со името на **Света Недела**. Оваа светица се смета како симбол на бесмртноста[41] и Воскресението[42] и токму затоа се поврзува со Рождеството Христово. Според разните легендарни извори оваа светица, заедно со Мојсеј, со апостол Павел и света Петка се застапувала Христос да ги помилува грешниците од адот.

Сепак, она на што можеме безрезервно да му веруваме - тоа се грчките житијни творби за оваа светица кои му послужиле на Ефтимиј Трновски при составувањето на неговата реторична творба - Похвалата на света Недела, која била напишана во XIV век.

Св. великомач. - **Недела** живеела во втората половина на III век, во времето на римскиот император Диоклецијан /284-305/. Таа била долгоочекувано дете на побожните христијани - Евсевија и Доротеј. Двајцата христијани од Анадолија непрестајно му се моleле на Бога да им дарува дете. Најпосле им се родила Недела. Уште од млади години Недела му се ветила на Бога. Таа била убава и по тело и по душа и била посакувана од мнозина. Но, таа на сите им кажувала дека му се ветила на Христа и дека сака да умре како девојка. За да ѝ напакости, еден одбиен проситeл ја обвинил Недела и нејзините родители за христијани. Царот Диоклецијан наредил прво да ги мачат родителите на Недела, а потоа ги протерал и тие починале.

---

40 Да се види кај: Епископ Николај, Охридски пролог, Ваљево 1991, стр. 818-819.

41 Бессмртноста се однесува на нештата кои имаат почеток на своето постоење,а немаат крај, не умираат (душата,ангелите).
Да се види:протојереј Јован Таковски, Терминологија*...,с.16.*

42 Станување од мртвите,оживување;Воскресение на Исуса Христа-вистина врз која се засновува сета христијанска вера и надеж.
Да се вид кај: протојереј Јован Таковски,Терминологија…,с.24.

Света Недела била пратена на суд. Таа таму ја потврдила својата вера во Христа. Царот наредил таа да биде мачена на најѕверски начин. Кога лежела во темница нејзе ѝ се јавил Исус, ѝ ги исцелувал раните и ѝ рекол: „Не плаши се Недело од маките, јас сум со тебе". И благодатта Христова навистина ја спасила оваа маченица и од огновите и од ѕверовите со кои сакале да ја мачат. Гледајќи го чудното спасување на Недела, мнозина поверувале во Христа. Угледувајќи се на подвизите на нејзините претходници - Трите Отроци, Данил, чесниот Претеча - таа не се плашела од смртта, туку верувала дека за неа е „живот да умре за Христа". Аполониј наредил Недела да се пресече со меч и таа, откако се помолила Богу за спасување на сите кои ќе го слават нејзиниот спомен, му ја предала својата душа на Бога - уште пред да ја допре мечот нејзината глава.

Св. Недела пострадала на 7 јули 289 година во градот Никодимија /Мала Азија/ .[43]

Култот кон оваа светица е раширен низ целиот православен христијански свет и се почитува во врска со неделниот ден. Кога Бог го извршил создавањето на светот за шест дена, си починил на седмиот ден, го благословил седмиот ден и го осветил /Мојс. 2,3/.

Според ова и Евреите ја делеле годината на седмица /шест дена работа и еден ден одмор и молитви/, а според примерот на Јудеите и христијанската црква ја осветлувала седмицата. Недела го добила своето значење од споменот на воскреснувањето Христово кое се слави во недела и затоа обично се вели дека од IV век секоја недела е како „Велигден во мало". Куриак е симбол на новиот христијански живот, како што сведочат и св. Игњатиј Богоносец и Варнаваиното послание. Во недела се вршело крштевање, недела е ден за исповедување на гревовите и ден за каење. Св. Ефрем Сирски вели дека неделата е најпогоден ден за оплакување на

[43] Епископ Николај, Охридски пролог, Ваљево 1991 / фот. изд. / , стр. 516-517.

гревовите и за опростување во молитвите. Неделата е радосен ден заради воскреснувањето на Исус. Затоа, на овој ден, сето она што е спротивно на радоста, сé е забрането според црковните правила. Според св. Јован Златоуст, неделата е погоден ден за милостиња. 16. канон на св. Атанасиј му наредува на епископот да дава милостиња секоја недела и за време на сите празници. Во недела се вршела посета на болни и заробеници. Во недела се вршело ракополагање на епископи, презвитери и ѓакони. Во недела, кога оделе на богослужба, христијаните облекувале бела боја која била знак на радост и духовна чистота.

Денешниот начин на прослава на неделата е ист како и во минатото. Според четвртата Божја заповед христијаните место саботата го слават воскреснувањето во недела, зашто на овој ден со воскреснувањето на нашиот Господ Исус Христос се извршило обновување на целиот свет и ослободување на човечкиот род од ропството на ѓаволот.

Празнувајќи го светиот ден - недела се празнува и нашата света маченица - Недела.

Во јужнословенската ракописна традиција е познато: **„Похвалното слово за византиските светци Константин и Елена“** од Патријархот Ефтимиј. Култот кон рамноапостолските владетели бил многу раширен во историјата на источноправославните народи. Животите и подвизите на Константин Велики /270/288 - 337/ и неговата мајка Елена /ум.околу 330/ ја симболизираат победата на христијанството, на Христос и на православните цареви кои биле носители на христијанството.

Константин I го признал правото на постоење на христијанската религија, а императорката Елена во 326 година патувала во Ерусалим, каде го нашла Господовиот крст. Овој настан станал повод за создавање на повеќе литературни творби, поврзани со подвизите на светицата. Во некои од поновите житијни текстови се кажува дека императорката

донела свечени реликвии на распетието и дека подоцна умрела во Рим. Освен наоѓањето на крстот што бил главен христијански подвиг на светицата, таа е позната како градителка на  цркви, во Гетсиманија, на Елеонската планина, во Тивериадскиот град и насекаде каде имало траги на Исус. Св. Елена е позната, пред сé, како заштитничка на христијанството, како личност која оставила светли траги на православниот Исток[44].

Двајцата светци се канонизирани и прогласени за рамноапостоли. Нивната памет се чествува повеќе пати и тоа: на 21 мај, на 14 септември, на Третата недела од Четири десетницата, на Неделата на Никејските отци и др.

За судбината на македонското христијанско население на Балканот и за неговата духовна определба во периодот на турското ропство нема поочигледен пример од житијата на мачениците: св.Ѓорѓи Кратовски, св. Злата Мегленска, св. Варвар Охридски  и св. Атанас /Спас/ Струмички. Меѓу нив е особено популарна светицата - **Злата Мегленска.** Најстарото житие на оваа народна маченичка било напишано во 1799 година од Никодим Светогорец[45]. Маченицата потекнувала од селото Меглен и живеела во време кога мегленските села биле насилно исламизирани.

Убавината на Злата и нејзината цврста решеност да ја одбрани својата христијанска вера била причина таа да се украси со страдања на великомаченица.

Еден тамошен Турчин, разгорен од сотонска љубов спрема Злата, се обидувал на секаков начин да си ја задоволи својата гнасна страст. Така, еден ден кога таа одела во шума по дрва, ја фатил девојката и ја одвел во својата куќа. Злата одлучно одбила да стане негова и во тој момент

[44] Жени светици в източното православие, съставител: Елена Томова,С. 1994, с.49-51.
[45] J. Ivanovx, Bxlgarski starini izx Makedoni/, Sofi/ 1931, str.179.

станала храбра и неустрашива. Во обидот таа да се потурчи не можеле да помогнат ниту заканите за страшни маки што морала да ги претрпи, ниту законите за животите на нејзините родители и уште трите сестри. Обземена со неизмерна љубов спрема Христа не дозволила да биде победена со разноразните најсурови измачувања. Крепена со силата и крстот и со сесрдна љубов кон Господа Христа, св. Страдалница го замолила отецот Тимотеј да се помоли за неа, богоугодно да го заврши подвигот на своето мачење. Господ ѝ дал сила и таа навистина богоугодно го завршила подвигот на голема маченица.

Света Злата пострадала во октомври 1795 година.

Како следбенички на Христа во христијанската литература се јавуваат многу имиња на жени од кои некои издржале жестоки измачувања, некои ги победиле искушенијата на ѓаволот и тргнале по светите места да го бараат патот на Спасителот, а некои го прифатиле христијанството и подигнале божји храмови. Имињата на тие свети жени се навистина многу: св. Марија, св.Ана, св.Анастасија, св.Петка, св.Недела, св. Злата Мегленска... Нивните имиња се имиња на жени-маченици, анахорети, преподобни жени ..., а нивната светост живее и денеска заедно со култот кон овие жени - светици .

# Преводи*

**Мала Богородица**
**8 септември**
**Раѓањето на Пресвета Богородица**.



Света Дева Марија се родила од стари родители, по име Јоаким и Ана. Татко ѝ потекнувал од родот Давидов, а мајка ѝ од домот Аронов, така што Пресвета Богородица била по татково колено од царски, а по мајка од архиерејски род. На своевиден начин нејзиното потекло било претскажано од Оној Кој требало да се роди од неа, и како Цар, и како Првосвештеник. Нејзините родители биле праведни и многу набожни, но веќе остарени и без деца. Поради нивната бездетност тие многу страдале. Тие му се молеле на Бога, тој да ги израдува со едно чедо така како што го израдувал старецот Аврам и старицата Сара дарувајќи им го синот Исак. И Бог кој бил семоќен и севидлив ги израдувал со радост која била поголема од сите нивни очекувања. Зашто Тој им дарувал не само ќерка, туку и Богомајка. Бог им дал само една ќерка која подоцна им родила само еден внук - но каква ќерка и каков внук!



Ќерката на Јоаким и Ана била Благодатна Марија, благословена меѓу жените, храм на Светиот Дух, олтар на Живиот Бог, живот на

Божјата светост, извор на девственост и чистота. Родена во Назарет, по 3 години била одведена во храмот Ерусалимски, од каде повторно се вратила во Назарет за да ја чуе благовеста од Архангелот Гаврил за раѓањето на Синот Божји, Спасителот на светот.

**21 ноември**

**Воведение на Пресвета Богородица-Пречиста** .



Кога Пресвета Дева наполнила 3 години, праведните родители исполнувајќи го ветеното дадено на Бога пред таа да се роди, ја однеле во ерусалимскиот храм од Назарет. Од Назарет до Ерусалим патувале пеш три дена, но не им било тешко, ниту на старите родители Јоаким и Ана, ниту пак на малата Марија, бидејќи исполнувале едно богоугодно дело. Се собрале многу роднини на Јоаким и Ана и ангели Божји. Млади девојки, со запалени свеќи оделе пред Дева Марија, а потоа старите родители ја воделе Пречиста Дева во ерусалимскиот храм. Пред храмот имало 15 скали. Света Дева била подигната на првото скалило од скалите на храмот, а потоа на чуден начин се искачила до 15 скалило кајшто застанала. Првосвештеникот Захариј ја прифатил Света Дева и ја вовел во храмот и тоа во Светињата на светињите, кајшто еднаш годишно влегувал само првосвештеникот./

Свети Теофилакт Охридски вели дека Захарие бил надвор од себе и бил обземен од Бога за да го направи тоа, инаку не би можел по грешка.

Праведните родители принеле дарови и жртви на Бога, а потоа, откако добиле благослов од свештениците, се вратиле дома. Света Дева живеела во храмот 9 години. Додека ѝ биле живи родителите тие ја посетувале во храмот, а особено мајка ѝ Ана. По смртта на родителите Пресвета Дева останала сираче. Таа тогаш ја искажала својата желба дека не сака да се мажи, туку цел живот безбрачно да му го посвети на Бога. Тогаш, по вдахновение на Свиот Дух, на чуден начин преку процветување на жезлот ја дале на чување кај стариот Јосиф, кој ѝ бил роднина. Тој го уважил нејзиното ветување на Бога. Во Израел во тоа време немало случај една девојка да остане девствена до крајот на својот живот. Пресвета Дева Марија беше прва девојка која му беше ветена на Бога. По нејзиниот пример тргнале илјадници и илјадници девојки и момчиња.

**25 март**

**2. Благовештение.**



По 11 години престојување и служење во храмот на Пресвета Дева и по 14 години од нејзиното раѓање, свештениците ѝ соопштиле дека таа, според законот, не може да остане во храмот, туку треба да се сврши и да стапи во брак. Кога оваа вест ѝ ја соопштиле свештениците на Пресвета Дева, тие биле изненадени од нејзиниот одговор. Таа им рекла дека е посветена на Бога и сака да

остане девојка до смрт, нестапувајќи во брак. По промисла Божја, свештеникот Захариј избрал 12 набожни мажи од племето Давидово и на едниот, по име Јосиф, кој бил старец од Назарет и подалечен роднина, му ја доверил Света Дева Марија. Во домот Јосифов Света Дева Марија продолжила да живее како и во храмот Соломонов, поминувајќи го времето во читање на Светото писмо, во молитва, размислување за Бога, во пост и рачна работа. Скоро никогаш не излегувала од куќата и не се интересирала за никакви светски работи. Сосема малку зборувала и тоа најмногу со ќерките на Јосиф. Но, кога се исполнило времето проречено од Данил дека Бог ќе благоизволи да го исполни своето ветување на прогонетиот Адам и пророците, и како што велат некои свети оци, токму кога Света Дева Марија го читала Светото писмо, поточно пророкот Исаија, глава 7, кајшто се вели: „Ете девојка ќе зачне и ќе роди син", во тој момент се јавува Архангел Гаврил, во светлина, велејќи ѝ „Радувај се, благодатна, Господ е со тебе"! И се така како што пишува во евангелието на божествениот Лука.

Со оваа архангелска благовест и со симнувањето на Светиот Дух на Пречиста Дева, започнува спасувањето на луѓето и обновувањето на тварите. Историјата на Новиот завет има за цел да ја благовестува радосната вест за сите луѓе и за сета природа. Затоа, Благовест се смета колку голем, толку и радосен празник.

**15 август**

**УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА.**



Господ на Синај заповедал со петтата заповед да се почитува својот татко и својата мајка и тоа го покажал со својот пример. Висејќи на крстот во маки Тој се сетил на Својата Мајка и, покажувајќи на апостолот Јован, ѝ рекол: „Жено, еве ти Син"! Потоа му рекол на Јован: „Еве ти мајка"! И откако така ја згрижил својата мајка Тој починал. Неговата света мајка се населила во домот на свети Јован Богослов на Сион близу Ерусалим. Таа деновите ги поминувала во молитви и помагање на апостолите преку совети.

Во Ерусалим поминала најмногу денови посетувајќи ги оние места што ја потсетувале на големите настани и големите денови на нејзиниот син. Особено ѝ биле мили: Голгота, Витлеем и Елеонската Гора. Подолги патувања ѝ биле тие во Антиохија, во посета на свети Игнатие Богоносец, четвородневниот воскреснат Лазар, епископот во Кипар, една посета на Света Гора, која ја благословила, како и престојување со свети Јован во Ефес поради гонењето на христијаните во Ерусалим.

Во својата старост често се молела на Господа во Елеонската Гора кајшто се вознел Христос. Тука се молела што побрзо Господ да ја земе од овој свет. Во една прилика по таквата молитва, Архангел Гаврил ѝ јавил дека по три дни ќе биде упокоена. Ангелот Божји ѝ дал едно палмово

гранче што ќе биде носено на нејзиниот погреб. Со голема радост се вратила во домот, посакувајќи во срцето да ги види уште еднаш собрани сите апостоли. Господ ѝ ја исполнил оваа желба и сите апостоли носени од ангелите и облаците се нашле насобрани во домот на Јован во Сион. Во голема радост ги видела светите апостоли , ги охрабрила, ги посоветувала и ги утешила, а потоа мирно го предала својот дух на Бога без никакви маки и телесни болести.

По упокојувањето собата се исполнила со благопријатен мирис.



На спроводот ги следел облак од Сион до Гетсиманската гробница на Јоаким и Ана. По патот се ширел прекрасен пријатен мирис што го привлекол народот да се придружи во голема масовност на погребот. Тоа на првосвештениците не им се допаднало, па организирале своја толпа да го земат пресветото тело на мајката Божја и да го спалат. На чуден начин, со спуштање на облакот не можеле да ја остварат својата зла желба. Еден од еврејските свештеници по име Атониј, успеал да се доближи до кивотот и сакал да го преврти. Во тој момент ангел Господов му ги отсекол обете раце. Потоа тој ги замолил апостолите за помош и откако го исповедал Христа бил излекуван и рацете му биле составени.

На третиот ден од успението, пристигнал и апостол Тома, кој по Божја промисла задоцнил. Тој многу жалел што не ја затекол жива Пресвета Богородица. За да го утешат, му предложиле да го тргнат надгробниот камен да може да се поклони на пречистото тело. Кога

влегле во гробницата, на местото кајшто го положиле телото ја виделе само плаштаницата со која било покриено телото. Вечерта таа им се јавила на апостолите опкружена со ангелски ликови  и им рекла: „Радувајте се зашто јас сум со вас во сите дни“.

Не се знае колку години имала Пресвета Богородица на нејзиното успение, но се претпоставува дека таа имала над 60 години од својот световен живот.

**1 октомври**

## 5. ПОКРОВ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА

Света Богородица, како покровителка и заштитница на христијанскиот свет, од секогаш била прославувана од страна на светата Црква. Таа е прославувана како молитвеница, која со своите умилни молитви го умилостивува Семилостивиот Бог кон нас луѓето. Не еднаш нејзината помош била покажана во христијанската историја, како кон поединци, така и кон цели народи. Таа помош била пројавувана како во мир, така и за време на војни, како во пустини, така и во милионските градови.



Денешниот спомен што го празнува Светата Православна Црква е само потврда на нејзиното покровителство над целиот православен христијански род.

Свети Андреј Јуродиви со неговиот ученик Епифаниј во тоа време се наоѓал на сеноќно бдение во црквата „Лахерна“ во Цариград. Во истата црква се чувала како многу скапоцена реликва дел од облеката на Пресвета Богородица. Тоа било на први октомври во сабота навечер. Црквата била полна со народ. Во 4 часот наутро св. Андреј погледнал нагоре и ја видел Пресветата Мајка Божја како лебди во воздухот под куполата. Таа била опкружена со пророци, апостоли и ангели и со раширени раце со својот омофор го покривала благомолниот народ и се молела за народот на својот Божествен Син. Восхитен од глетката, го запрашал тивко својот ученик:„Гледаш ли, брате, како Пресвета Богородица се моли“ - „Гледам, свети оче, и сум вчудоневиден“- одговорил ученикот. Ова видение од двајцата подвижници, по извесно време му станало познато на народот во храмот, а потоа и на целиот град.

**2 јануари**

**Спомен на светата праведна**

**Јулијанија**



Била родена во близина на градот Муром од богати и набожни родители. Во шестата година останала сираче. Целиот свој живот го поминала во молитви, пост и милостњи. Секогаш била блага и исполнета со љубов спрема своите слуги и спрема луѓето воопшто. Нејзините добрини се безбројни. Спиела на даски само по два сати во текот на 24 сати. Се упокоила на 2 јануари 1604 година. По 10 години моштите ѝ останале нераспаднати, мироточиви и чудотворни.

**25 јануари**

**Спомен на светата маченица**

**Медула**



Света Медула беше жива спалена во оган за Господа Христа.

**11 септември**

**Преподобна Теодора**.



Оваа светица која потекнувала од Александрија била омажена за еден млад човек. Наговорена од еден врачар таа направила прељуба со друг човек. И веднаш почнала да ја гризе совеста. Си ја скусила косата, облекла машка облека и отишла во машкиот манастир Октодекат, земајќи го машкото име Теодор. Нејзиниот труд, пост, бдеењето, понизноста и плачното покајание ги восхитиле браќата. Обвинувањето од некоја блудна девица, дека со неа затруднела, Теодора го сфаќала како Божја казна за својот грев во минатото. Прогонета од манастирот таа 7 години поминала по шуми и пустињи, негувајќи го детето на блудницата. Таа ги победила сите ѓаволски искушенија: не му се поклонила на Сатаната, не примила храна од рацете на еден војник, не ги послушала советите на својот сопруг да му се врати во брачната заедница. По 7 години ја примил игуменот во манастирот, каде поживеала уште 2 години, а потоа се упокоила. Дури тогаш монасите виделе дека е жена. На игуменот му се јавил ангел и му објаснил сѐ. Нејзиниот сопруг дошол на закопот и останал до смртта во ќелијата на својата некогашна жена. Св. Теодора имала преголема Божја благодат: скротувала ѕверови, исцелувала болести, наоѓала вода во сув бунар. Така Бог ја прославил вистинската покајница, која со својата издржливост 9 години покајувала еден грев.

Се упокоила во 490 година.

**17 септември**

**Страдање на светите маченички Вера, Нада и Љубов**



За време на злочестивиот римски цар Адријан во Рим живееше една вдовица, по име Софија, што значи мудрост. Како што ѝ кажуваше името таа живееше мудар живот исполнет со христијанска вера. Таа доследно ги применуваше зборовите на апостолот Јаков: „Која премудрост е одозгора, таа е прво чиста, потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови“ /Јак.3,17/.

Оваа премудра Софија со својот сопруг изроди три ќерки на кои им даде имиња: Вера, Нада и Љубов, кои одговараат на христијанските доблести. Набрзо по раѓањето на трите ќерки остана вдовица живеејќи заедно со своите три ќерки благочестиво и угодувајќи му на бога со молитва, пост и милостиња. Своите ќерки таа ги учеше на примерите од светиите.Растејќи по возраст во нив растеа и нивните добродетели.Тие

добро ги изучија пророчките и апостолските книги, вредно читаа молитви, работеа домашни работи и ѝ се покоруваа на својата мајка, минувајќи од успех во успех.

На сите им паѓаше во очи нивната убавина и бистрина. По цел Рим се рашири глас за нивната мудрост. За нив разбра епархот Антиох и побара да ги види и кога се оствари средбата тој узна дека тие се христијанки.Тие не ја криеја својата вера во Христа, не се сомневаа во нивната надеж во Христа, ниту се намалуваше нивната љубов кон Христа, туку напротив отворено го славеа Христа и се гнасеа од богоомразените идоли. Антиох сето ова му го јави на царот Андријан кој испрати слуги да му ги донесат. Кога влегоа слугите во домот на Софија, ја најдоа мајката како ги подучува своите ќерки и ја повикаа неа и нејзините ќерки да одат кај царот. Тие предвидуваа зошто се повикани и се помолија говорејќи: „Боже сесилен, одреди ни́ го нас тоа што е по Твојата света волја и не оставај не́, туку дај ни́ја Твојата света помош да не се исплаши нашето срце од гордиот мачител, да не се исплашиме од неговите страшни мачења, да не се исплашиме од горката смрт, и ништо да не не́ отргне од Тебе Бога нашиот“.

По молитвата му се поклонија на Бога и излегоа четирите држејќи се со рацете една на друга како сплетен венец.Одејќи често погледнуваа накај небото, воздивнувајќи и тајно молејќи се и надевајќи се на помошта на Оној кој рекол да не се плашиме од оние кои го убиваат телото, бидејќи душата не можат да ја убијат. Приближувајќи се до царскиот двор, се прекрстија зборувајќи: „Помогни ни̢ Боже, Спасителу наш, заради славата на името Твое“. Ги доведоа пред царот кој седеше гордо на престолот. Кога го видоа му оддадоа достојна почит и стоеја пред него без страв, со светли лица, храбри срца и весело гледаа како да се повикани на гости.

Кога царот ги погледна чесните, светли и неустрашиви лица ја праша мајката за родот, името и верата. А таа бидејќи беше обдарена со мудрост толку паметно одговараше што присутните ѝ се восхитуваа на разумот. Малу нешто спомена за својот род и за името. Почна да говори за Оној чиј род не може никој да го искаже и на чие име секое колено треба да се поклони. Ја исповеда својата вера во Христа и се нарече негова

робинка фалејќи се со неговото име: „Тоа име го почитувам и со него се гордеам, зашто сум христијанка“. Рече дека своите ќерки му ги ветила на Христа со целата нивна чистота, сочувана за него. Царот виде дека жената е мудра и разговорот со неа го остави за друг пат. Сите нив ги испрати кај една благородна жена Паладија, со порака да ги прими и третиот ден да ги изведе на суд.

Мајката престојувајќи во домот на Паладија ги подучуваше своите деца говорејќи им: „Ќерки мои сакани, дојде часот на вашиот подвиг, стигна денот да покажете тврда вера во Него, несомнена надеж, нелицемерна љубов. Денес дојде часот на вашата вселост, со венецот на маченииштвото да се венчате со прељубезниот Младоженец и со него да влезете во пресветлата Негова брачна одаја со радосен глас. Ќерки мои, не штедете ги своите млади тела за Христа, не жалете го цветот на вашата младост за убавината на најдобриот меѓу човечките синови, ниту жалите што се лишувате од овој привремен живот заради вечниот живот. Вашиот љубимец небесниот Исус Христос е вечно здравје, неизречена убавина, бесмртен живот. И кога вашите тела ќе бидат смртно измачувани заради Него тој ќе ве заштити а вашите рани по телата ќе ги осветли како ѕвезди. Кога ќе ја снема вашата убавина Он ќе ве украси со таква увавина која око не видело. Кога ќе го изгубите привремениот живот, Он ќе ве обдари со бесконечен живот во кој ќе ве слави во веки пред Таткото свој и пред сите небесни духови ќе ве нарекува невести и Христови исповедници. Ќе бидете пофалени од сите преподобни, ќе се израдуваат на вас сите мудри девојки и ќе ве примат во нивното друштво. Чеда мои не лажете се со ѓаволски прелаги. Мислам дека царот ќе се обидува да ви вети големи дарови, слава, богатство, чест и секакви убавини. Не примајте од него ништо, сето тоа исчезнува како дим и се растура како прашина од ветер и венее како цвет и зелена трева и во прашина се населува. Не плашете се од маките: набрзо ќе пострадате и ѓаволот ќе го победите и за навек ќе живеете во слава.Му верувам на Бога мојот Исус Христос дека нема да ве остави да страдате за него. Тој рекол: „И жената да го заборави плодот на својата утроба, Јас нема да ве заборавам“/Исаија 49,15/. О, ќерки мои добри, спомenete си за моите болки кога ве раѓав, спомнете си за мојот

труд кога ве растев, спомнете си за моите зборови со кои ве учев на страв од Бога-и утешете ја староста на својата мајка со добро и јуначко исповедање на Христа. Кога ќе видам дека страдате за доброто на Христа, дека го исповедувате неговото свето име и за Него умирате јас ќе се радувам, ќе се веселам и ќе доживеам чест и слава меѓу сите верни и ќе се удостојам да се наречам мајка на маченички.

Тогаш ќе се развесели мојата душа и ќе се израдува мојот дух и ќе се поткрепи староста моја.Тогаш и вие ќе бидете мои вистински ќерки кои ги послушале советите на мајка си и ја пролеале својата крв за Него“.

Слушајќи ги таквите совети на својата мајка ќерките во срцата се разделуваа и се радуваа во својата душа чекајќи го времето на маченииштвото како часот на веридбата.Тие ѝ ветуваа на својата мајка дека сите душеполезни совети ќе ги преведат во дело со помош на Христа.

Кога поминаа три дена беа изнесени на суд пред нечестивиот цар. Тој се надеваше дека девојките се млади и ќе ги послушаат неговите лажни зборови. Тој почна да им говори: „Јас деца гледајќи ја вашата убавина и штедејќи ја вашата младост татковски ве советувам да им се поклоните на боговите кои владеат“. Ако ме послушате и исполните што ви наредувам ќе ве земам за мои ќерки. Ќе повикам епарси и старешини и мои советници и пред нив ќе ве примам за мои ќерки, а сите тие ќе ве фалат и почитуваат. Ако не ме послушате и не ја извршите мојата наредба, ќе ве снајдат многу зла, ќе ја загорчите староста на вашата мајка и самите ќе пострадате токму во време кога треба најмногу да уживате во сладостите, радостите и добрините на овој свет. Јас ќе ве погубам, вашето тело ќе го искинам и ќе им го фрлам на кучиња да го изедат, а сите ќе ве презрат. Заради тоа послушајте ме за да ви биде добро. Ве почитувам и не можам да ја уништам вашата убавина и да ве лишам од таков живот, туку сакам да ми станете деца“. Светите девици како со една уста му одговорија: „Ние за Татко го имаме Бога кој се грижи за нашиот живот и кој ги сака нашите души. Ние сакаме Он да нѐ сака и бараме да се наречеме негови вистински деца и Нему да му се клањаме и да ги чуваме неговите заповеди. На твоите богови плукаме, а на твоите закани не им се

плашиме. А токму тоа и го сакаме да страдаме и претрпиме лути маки заради слаткиот наш Бог Исус Христос“.

Кога го чу таквиот нивен одговор ја запраша нивната мајка Софија за нивните имиња и години. Таа одговори: „Првото мое дете се вика Вера има дванаесет години, второто Надежда, има десет години, а третото Љубов, има девет години“. И се восхитуваше царот на великодушноста, смислата и одважноста на одговорите на малолетните деца. Тогаш почна поединечно да ги принудува кон својот злочин. Прво ја понуди најстарата сестра Вера говорејќи: „Принеси ѝ жртва на големата богиња Артемида“. Таа не сакаше. Тогаш царот нареди да се соблече и да се искамшикува. Мачителите ја удираа без милост говорејќи: „Принеси ѝ жртва на големата богиња Артемида“. Но, таа не сакаше. Бидејќи не помогна тепањето ѝ ги исекоа градите и од нив наместо крв потече млеко. И сите кои го гледаа ова мачење се восхитуваа на ова чудо, бидејќи е необично од рана да тече млеко, наместо крв.

Потоа ја ставија светицата над разгорен оган. Таа остана да лежи два сата и не изгоре воопшто. Потоа ја фрлија во казан полн со врела смола и зејтин. И тука Вера остана неповредена. За да ја одврати од верата во Христа мачителот реши да ја погуби со меч. Кога го чу тоа света Вера се исполни со радост и ѝ рече на мајка си: „Моли му се на Бога за мене, мајко моја, да го поминам мојот пат и да стигнам до саканото место за да го видам саканиот Господ и мојот Спас и да се насладам на неговото Божество“. А на сестрите им рече: „Знаете, драги мои сестри, кому се ветивме и чии невести сме. Една мајка нѐ роди, нѐ подигна и воспита, исто да завршиме. Еве јас ќе ви бидам пример, двете да тргнете кон Женикот кој нѐ вика. Откако го кажа тоа, пријде и ја целува својата мајка, потоа ги прегрна сестрите и ги бакна и најпосле застана под мечот. Мајката не зажали воопшто за својата ќерка. Љубовта кон Бога ја победи мајчината болка и копнеж по децата.Таа ѝ рече на Вера: „Јас тебе, ќерко моја те родив и одгледав. Тие добрини ти ќе ми ги вратиш ако пред смртта го исповедуваш Христа и ако за Христа пролееш крв која си ја примила од мене. Оди кај Него, облечена како во кадифе и покажи се пред твојот

Младоженец. И мене твојата мајка спомени ме пред него и помоли се за твоите сестри“.

И ѝ ја пресекоа главата на света Вера.

Мајката го зеде нејзиното многустрадално тело, го бакна и радувајќи се го славеше Христа Бога кој ја прими нејзината ќерка Вера во небесната одаја.

Нечестивиот цар ја изведе другата сестра, светата девица Надежда и ѝрече: „Добро дете, те молам послушај го мојот совет и поклони ѝсе на големата Артемида да не пропаднеш како твојата постара сестра. Ја виде и нејзината лута мака и нејзината горка смрт, немој и ти да пострадаш. Верувај ми, дете ја жалам твојата младост и би сакал да ми бидеш ќерка ако ѝ се покориш на мојата наредба“.

Света Надежда одговори: „Па зар јас не сум сестра на онаа која ја уби; дали не сум со неа од иста мајка родена, дали не сум одгледана со исто млеко; дали не сум исто крстена како и мојата света сестра“! Заедно со неа израснав од исти книги и поуки на мајка научив за Бога и Господа Исуса Христа. Не мисли царе дека јас можам да мислам поинаку отколку сестра ми Вера по чиј пат сум подготвена да тргнам. Не двоуми се повеќе со тешкиот говор. Пристапи кон извршување на делото за да се увериш дека исто мислам како и мојата постара сестра“.

Кога царот го чу тој одговор ја предаде на мачење. Ја соблекоа слугите и ја тепаа се додека не се изморија. А таа молчеше како да не чувствува болки, туку гледаше во правец на мајка си, блажената Софија која тука стоеше и го гледаше страдањето на своето дете и му се молеше на Бога. По наредба на царот беше фрлена во оган, но таа не изгоре и само го фалеше Бога. Потоа беше обесена и стругана со железни нокти. Телото и паѓаше на парчиња и се пролеваше крв, а под нејзините рани излегуваше некој чуден мирис. „Јас со помош на Христа не мислам на маката; маката ми е мила исто како и рајската сладост, зашто ми е слатка за мојот Господ. А тебе мачителу, во пеколот те очекува бескрајна мака со бесовите кои си ги прифатил како твои богови“. Мачителот уште повеќе се разгневи од овие зборови и нареди да се подготви казан полн со врела смола и лој и во него да се фрли светицата. Кога сакаа да ја фрлат

светицата во казанот, казанот се стопи, се разлеа смолата, лојот се запали и ги зафати присутните. Таква беше чудесната сила Божја со света Надежда.

Мачителот кој го гледаше сето тоа не сакаше да го прифати вистинскиот Бог.

Не можејќи веќе да го поднесува срамот ја осуди да биде исечена со меч. Кога разбра светицата дека ѝсе наближува смртниот час, притрча кон мајка си зборувајќи: „Мир за тебе мајко моја, биди здрава и спомнувај ја твојата ќерка“! Мајката ја прегрна и бакна и ѝрече: „Ќерко моја Надеждо, биди благословена од Господа Бога вишниот, на кого се надеваш и не ја штедиш твојата крв за него. Оди кај твојата сестра Вера и со неа застани пред Бога“.

Кога се простуваше Надежда со својата сестра Љубов ѝ рече:„Не останувај сестро, туку заедно да излеземе пред Светата Троица“. Тогаш пријде до мртвото тело на погубената сестра света Вера,ја прегрна и исполнета со љубов кон Христа почувствува радост. Најпосле света Надежда ја стави својата света глава под меч и беше исечена. Мајката го зеде нејзиното тело и го прославуваше Бога, со радост за двете ќерки.

Мачителот ја повика и третата девојка Љубов. И нејзе ѝ ласкаше да се одрече од Распнатиот и да ѝсе поклони на богињата Артемида. Но, напразно. Зашто е запишано: „Љубовта е силна како смрт, а водата не може да ја згасне љубовта, ниту реките да ја удават“. / П.над П.8,7/. Оганот на љубовта спрема Бога не ја згаснаа многу води, ниту ја удавија реките од беда и страдања. И во ова се распознаваше нејзината љубов, што беше готова својата душа да ја даде за својот Исус Христос. Никој нема повеќе од оваа љубов. Гледајќи мачителот дека не може да успее, почна да ја мачи за да ја раздели Љубов од љубовта Христова. А таа апостолски говореше: „Кој ќе ме раздели од Божјата љубов? Неволјата или тагата? Прогоните или гладтта? Сиромаштвото, бедата или мечот“? /Рим.8,35/.

И почна нејзиното маченииштво. Мачителот нареди да се врзе за точак и да се удира со железни прачки.Од тепањето земјата се натопуваше со крв, како од дожд. Покажувајќи ѝја вжештената печка на светицата

мачителот ѝ рече: „О девице, само кажи голема е божицата Артемида-и ќе те пуштам. Ако не кажеш ќе гориш во вжештената печка“. Светата девица одговори: „Голем е мојот Бог Исус Христос“. Мачителот се разгневи и им нареди на присутните да ја фрлат во печка. Девицата не чекаше некој да ја фрли, туку самата влезе во печката и одеше по средина на огнот и како да одеше на чист воздух, пееше и го благословуваше Бога. Тогаш од печката излезе сиот оган и како живо суштество ги нападна слугите на злото. Некои ги согоре и ги претвори во пепел, а некои само ги опржи. Го стигна и царот и многу го повреди. Во печката се гледаа и некои други светли лица кои ликуваа со девицата величајќи го Христовото име. А нечестивите се срамеа. Бидејќи печката се изгасна светицата излезе како од брачна одаја, светла и здрава.

По наредба на царот, повторно зедоа да ја мачат и со сврдли да ја вртат по телото. Крепена од Божјата помош не умре од маките. Нејзиниот возљубен женик Исус Христос ѝ додаваше снага за да ѝ се зголеми наградата на светицата. Најпосле мачителот нареди светицата да се погуби. А таа кога чу дека ќе биде погубена се израдува многу говорејќи: „Пеам и го благословувам името Твое Господе Исусе Христе кој ме љубиш мене Љубов Твојата робинка, бидејќи ми даваш од достоинството на моите сестри подготвувајќи ме за Твоето име да претрпам маки какви што тие претрпеле“.

Нејзината мајка не престануваше да се моли на Бога за својата ќерка и да ѝ дава трпение до крај. А нејзе самата ѝ рече: „Трета гранко моја, чедо мое возљубено издржи до крај, ти одиш по добар пат, и тебе ти е исплетен венец и се отвора твојата брачна одаја, а Женикот стои и те чека, гледајќи го од височините твојот подвиг кога ќе ја ставиш твојата глава под мечот за да ја прими твојата чиста и непорочна душа да те прегрне и да те воведе во вечниот мир со твоите сестри. Споменете ме и мене вашата мајка во царството на Женикот да биде милостив спрема мене и да не ме лиши од вашата судбина и боравок во неговата света слава“.

Во тој момент света Љубов беше исечена со меч.

Мајка ѝ го зеде нејзиното тело и го положи во убав ковчег заедно со телата на света Вера и Надежда и стави на нивните тела разни украси како што доликуваше. Ковчегот го стави на кола и го изведе надвор од градот и ги сохрани на едно ритче облевајќи го со солзи радосници. Таа остана на гробот три дена молејќи му се на Бога и тука умре. Верниците ја сохранија покрај нејзините ќерки. Така премудрата Софија мудро го заврши својот живот, принесувајќи ѝ на Светата Троица три примерни ќерки: Вера, Надежда и Љубов.

О света праведна Софијо, ти која се спаси заради породот, раѓајќи деца кои станаа невести на Спасителот и за него пострадаа, со Него царуваа и се прославуваа. Навистина ти си прекрасна мајка, достојна за добар спомен. Гледајќи на лутите и горки маки и на смртта на своите драги деца не се ожалости заради нив, туку се израдува со Божја поткрепа. И ти самата ги учеше и ги молеше да не го штедат својот привремен живот, туку штедро да ја пролеваат својата крв за Господа Исуса Христа. Гледајќи го Неговото пресветло лице се наследуваш на небото со твоите свети ќерки.

Направи нé мудри да ги сочуваме Вера, Нада и Љубов и да се подготвиме да застанеме пред пресветата и животворна Троица која ја славиме во веки веков, амин.

**24 септември**

**Св. првомаченица Текла**



Родена во Иконија од богати, но многубожечки родители. Во времето кога апостолот Павле со Варнава стигнал во Иконија да го проповедува Евангелието, Текла имала осумнаесет години и била верена за еден младич. Таа го слушала Павле три дена и три ноќи и потполно се преобрзила во Христовата вера и се ветила да живее девствено. Мајка ѝ забележала дека таа не е заинтересирана за нејзиниот вереник и не помислува на брак и прво почнала да ја советува, а потоа да ја тепа и да ја мачи со глад. Најпосле мајка ѝму ја предала својата ќерка на судијата и барала таа да биде мачена со оган. Судијата ја фрлил во оган, но Бог ја оставил неповредена. Тогаш Текла тргнала по патот на ап. Павле и стигнала со него во Антиохија. Восхитен од убавината на Текла еден градски старешина посакал да ја земе на сила, но таа се оттргнала од неговите раце. Истиот старешина ја обвинил кај кнезот како христијанка, која се гади од брак. Кнезот ја осудил на смрт и ја фрлил пред ѕверови,но ѕверовите не го допреле телото на светата девица. Восхитен од виденото, кнезот запрашал: „Која си ти и каква сила има во тебе ништо да не може да ти наштети“? Текла му одговори: „Слугинка сум на живиот Бог“.

Тогаш кнезот ја пуштил на слобода и таа тргнала да го проповедува Евангелието и успеала мнозина да преобрати во вистинската вера, меѓу кои и некоја угледна и чесна вдовица Трифена.

Потоа св. Текла по благослов на ап. Павле се оддалечила на едно пусто место близу Селевкија. Тука таа долго се подвизувала и се занимавала со помош на својата чудотворна сила со исцелување на болни. Истовремено таа мнозина преобратила во христијанство. На добрините кои ги правела нејзе ѝпозавиделе и разни лекари и врачари од Селевкија. За да ѝ наштетат ѝиспратиле млади луѓе за да ја осквернат, за да ја изгуби девственоста и својата чудотворна моќ. Текла бегала од тие развратни младичи и кога видела дека ќе ја фатат, таа застанала до една карпа за да му се помоли на Бога за помош . Карпата се отворила и ја сокрила оваа св. девица и невеста Христова. Оттогаш карпата ѝ станала и засолниште и гроб.

За оваа чудесна христијанска хероина и светителка св. Јован Златоуст запишал: „Оваа блажена дева со едната рака на Господа му го принесува своето девство, а со другата-маченииштвото".

**14 октомври**

**Преп. Петка-Параскева**



Славната светителка Преподобна Параскева е родена во градот Епиват, во Тракија, на Мраморното Море, меѓу Силиврија и Цариград. Родителите на Света Петка биле богати и побожни христијани. Тие, освен неа, имале и еден син по име Ефтимиј, кој уште додека биле живи се замонашил, а подоцна станал епископ Мелитски.

По смртта на родителите, кога останала сама во куќата, девицата Параскева решила сосема да се раздели од светот. Го разделила наследеното богатство на сиромаси, го посетила Цариград и ги обиколила неговите свети места. Се поучувала од поуките и упатствата на ревносните подвижници. По нивен совет се населила во ираклиското преградие, при осамениот храм „Покров на Пресвета Богородица". Таму поминала во молитва, пост и солзи- пет години.

Набрзо потоа таа си ја исполнила една нејзина одамнешна желба. Имено, отишла во Палестина, се поклонила на гробот Господов и ги посетила сите други места осветени за животот на Спасителот. Потоа се населила во јорданската пустина. Во таа пустина, каде пред тоа се подвизувала преподобната Марија Египјанка, Света Петка, водела рамноангелски живот. Тука таа претрпела и горештини, и студ, хранејќи се со зелје еднаш дневно по зајдисонце. Лошите духови ја искушувале со мисли и привиденија, но таа секогаш Го имала Господа за свое

засолниште. Така таа поминала тука многу години до својата старост. Еднаш кога стоела на молитва, ѝ се јавил ангел Господов и ѝ рекол:„ Остави ја пустињата и врати се во твојата татковина. Таму треба да го оставиш своето тело на земјата и со душата да се претставиш пред Господа“. Се зарадувала Света Параскева дека веќе се наближило времето да се раздели со телото.

Поминала низ Цариград, го посетила храмот „Света Софија“ и долго се молела пред чудотворната икона на Богородица во влахернскиот храм. Кога се вратила во Епиват, таа не затекнала никој жив од своите роднини и познати. Како туѓинка заживеала во храмот „Свети Апостоли“, оддавајќи се целосно на молитва. По две години, преподобната, молејќи се во својата самотија, ја предала на Бога својата света душа. Христољубивите епиватски граѓани ја погребале надвор од градот како туѓинка.

Недалеку од местото каде преподобната била погребана се подвизувал еден столпник. Во тоа време умрел некој морнар и телото му било тука зафрлено на брегот. Смрдеата од распаднатото тело била толку голема, што столпникот бил принуден да слезе од столбот и да ги замоли блиските жители да го погребаат телото на морнарот. Благочестивите, но прости луѓе, почнале да копаат гроб и го нашле телото на преподобна Параскева, кое било сочувано нетлено. Се уплашиле и не знаеле што да прават, та така го оставиле телото во гробот и врз него го закопале распаднатиот труп. Следната ноќ, еден од тие благочестиви луѓе, по име Георгиј, ја сонувал девицата цела во светлина, облечена во царска облека и опкружена со војници. Еден од војниците се доближил до Георгиј, го фатил за раката и му рекол:„Зошто така го презревте телото на Преподобната Параскева? Извадете го од смрдливиот гроб и положете го во ковчег. Бог сака да ја прослави на земјата“.

Истата ноќ, една побожна жена, Ефимија, имала слично видение. Другиот ден светите мошти на Преподобната биле поставени во Светиот храм „Свети Апостоли“.

На светите мошти се случиле многу чуда. Во 1238 година тие биле пренесени во Трново, потоа во 1393 во Видин, а во 1936 година биле

однесени во Белград, па во Цариград, во 1641 година, а од Цариград се пренесени во Влашко- Романија, во градот Јаш, каде и сега почиваат.

Голема почит оваа светителка има и во нашиот народ, на која ѝ посветил голем број на цркви и манастири, повикувајќи ја секогаш на помош и закрила.

**14 октомври**

**преподобна Параскева**

**света Петка**



Оваа славна и рамноангелна светителка е родена во Епиват[46] од богати и набожни родители, кои во сé живееја според заповедите Божји, својот живот украсувајќи  го со милостиња и со добри дела. Освен Петка тие имаа и еден син- Ефимиј. Децата свои ги воспитуваа во набожност и ги учеа на секоја добродетел и на богоугоден живот.

Еден ден Параскева, како десетгодишно девојче, кога со својата мајка беше во црква, ги чу зборовите од светото Евангелие:„ Кој сака да оди по Мене нека се одрече од себе и го земе крстот свој, и нека врви по мене“ / Марко 8,34/. Овие зборови длабоко ѝ се врежаа во срцето. По излегувањето од црквата сретна еден питач и, скришно од мајка си, ја симна  од себе својата скапоцена облека и му ја даде на питачот, а самата таа ги облече неговите партали. Кога дојде дома и кога родителите ја видоа во партали, тие ја укорија и строго ѝ забранија повеќе да не го прави тоа. Но таа и понатаму продолжи да прави така. Кога ја прекоруваа поради тоа, таа им одговараше дека не може да живее поинаку.

[46] Денешен Бојадос,село меѓу Цариград и Силиврија.

И нејзиниот брат Ефтимиј имал желба за посовршен духовен живот и со согласност на родителите тој се замонашил. Како монах тој се прочул со својот подвижнички живот и било избран за епископ Мадитски[47].
Како епископ се прославил со своите добродетели и со борбата против еретиците. Се упокоил во длабока старост и бил погребан во соборниот храм. Неговите чесни мошти станале извор на свето миро. Тој направил многу чудеса, како за животот така и по смртта.

По смртта на родителите, Параскева ревносно го засака апостолскиот живот. Таа се предаде на строги подвизи и, следејќи го примерот на светителите, со пост, молитва и бдеење го умртвуваше телото свое и го починуваше на духот. Но, горејќи од желба да живее само за Господа, таа не можеше долго да остане во овој вознемирен и многуметежен свет, туку го напушти родителскиот дом и отиде во Цариград да се поклони на тамошните свети места. Обиколувајќи ги тие свети места, сретна многу ревносни подвижници и од нив доби многу драгоцени совети. Според нивниот совет, таа се настани во Ираклијското предградие при црквата Богородичин Покров и тука мина пет години во молитва, пост и солзи.

Исполнувајќи ја својата дамнешна желба, таа отпатува во Палестина и, откако се поклони на светите места, осветени со животот на Спасителот, таа отиде во Јорданската пустина. И тука таа водеше рамноангелен живот. По примерот на пророк Илија и на свети Јован Крстител, таа се хранеше само со пустинска трева, во мала количина, и тоа по заоѓањето на сонцето. Постојано топејќи се од жега и од мраз,таа ги издигаше очите само кон Единиот Бог, Кој смирените по срце може да ги спаси од малодушност и од бура.

Кој би можел да ги искаже сите напори,и страдања, и маки, и демонски искушенија што света Петка ги претрпе во текот на многуте години? Кој може да знае колку солзи таа пролеала и колку воздишки кон Бога испратила? Кој би можел да ги опише нејзините секојдневни борби што ги водела со телото, со помислите и со ѓаволите додека потполно не ги победила? Единствено севидливиот Бог, зашто само Он можел да ги

[47] Мадит е приморски град во Херсон Тракиски.Споменот на св. Ефтимиј се празнува на 5

види и да ги знае сите нејзини подвизи. Таму таа не се грижеше за суетните работи од овој свет:златоуздни коњи и коли, облеки, накити, домови и слуги туку таа се грижеше само за очистување на својата душа,за одговорот на идниот суд и за средбата со Небескиот Младоженец“”Тебе, Младоженецу мој, Те барам“, говореше преподобна Параскева, и постојано ги имаше на ум зборовите од Песната над песните: Покажи ми се Ти, Кого Го љуби душата моја / 1,6/.

Нејзината главна и непрестајна грижа беше: како да го украси својот светилник и со мудрите девојки да Му излезе во пресрет на Небескиот Младоженец, да го чуе Неговиот сладок глас и да се наслади со гледање на Неговата убавина. Да, само околу тоа таа се трудеше и зборуваше: Кога ќе дојдам и ќе се покажам пред лицето Божјо?/Пс.41.3/.

Додека преподобна Параскева во пустината водеше таков живот, лукавиот непријател-Ѓаволот ѝ завидуваше на нејзините добродетели и се обидуваше да ја заплаши со разни мечтаења и привиденија. Често пати, земајќи облик на разни ѕверови, тој ја напаѓаше светата подвижница за да ја спречи на патот кон подвогот. Но прекрасната невеста Христова Параскева „Севишниот Го избра за свое приблежиште“ / Пс.90.9/, па со Негова помош, и со крсниот знак, ги прогонуваше непријателите и како пајажина ги кинеше сите примки на ѓаволот.

Зашто таа, и покрај својата женска природа, се здоби со машки разум и го победи ѓаволот како што Давид го победи Голијата. Откако душата своја ја украси со такви подвизи и добродетли, света Петка стана возљубена невеста Христова, па на неа се исполни пророчкиот збор: На Царот ќе Му омилее твојата убавина? Пс.44,12/. Зашто тој Цар се всели во неа со Отецот и со Светиот Дух и пребиваше во неа како во света црква Своја.Така света Петка душата своја ја запази од грев и осквернување и долги години мина во пустината.

Една ноќ, додека според својот обичај стоеше на молитва и со умиление рацете свои ги подигаше кон небото, преподобна Параскева здогледа ангел Божји во облик на пресветло момче, кое дојде при неа и ѝ

---

мај.

рече:„Остави ја пустината и оди во твојот роден крај; потребно е таму своето тело да ѝ го предадеш на земјата, а душата-на Бога“.

Кога се задлабочи во смислата на тоа видение, и кога разбра дека е од Бога, таа се радуваше што наскоро ќе се ослободи од телото, но тагуваше што ќе се раздели од пустината и безмолвието /осаменоста/. Но, покорувајќи се на небесната волја, преподобна Параскева замина во својот роден крај. Кога допатува во царскиот град / Цариград/, таа отиде во прекрасниот храм на Божјото Слово/ Света Софија/, каде што често правеше коленопреклоненија, точеше извори од солзи, често од срцето испушташе воздишки и, спомнувајќи си за пустинскиот живот, лута тага ја јадеше. А потоа, како вредна пчела што ги облетува пролетните цутови, така и таа ги посети тамошните свети места и дојде и во храмот на Пресветата Мајка Христиова, кој и денес се именува Влахерна. Откако се поклони пред иконата на Божјата Мајка, таа лееше солзи и вака се молеше:„Тебе, Владичице, Ти го предадов целиот свој живот и на Тебе, Дево, ја полагам сета своја надеж; не отфрлај ме мене бедната, немој да се гнасиш од својата слугинка, која од младоста Го следи Твојот Единороден Син. Дево, ја знаеш немоќта на женската природа, го знаеш страдањето на мојата душа; немам друга надеж, немам друга заштита; Ти си ми наставница, Ти си ми застапница, Ти си пазителка на целиот мој живот. Додека одев во пустината,Ти ми беше помошник; а сега, кога се вратив во светот, од каква друга помош имам потреба, освен од Тебе?! Затоа сега, Владичице, заштити ме и биди ми сопатничка, учителка, и патеводителка до крајот на мојот живот, зашто друга надеж, освен Тебе, немам“.

Откако вака се помоли од сета душа, и сета своја надеж ја положи на Мајката Божја, таа се упати кон својот роден крај. Кога дојде во Епиват, поживеа уште некое време во труд и страдања, украсувајќи се себе со пост и молитва,во непрестаен разговор со Бога.А кога дојде времето да оди при Него, со солзи го облеваше своето земно лице и вака се молеше: „Човекољупче Владико, не ја презирај Својата бедна слугинка, која заради Твоето пресвето Име остави сé и одеше по Тебе; и сега, сештедар Господи, заповеди му на Твојот ангел на мирот да ја прими мојата бедна душа и да не ѝбеде забранет патот кон небесата од нечистите и лукави бесови, но

удостој ме слободно да застанам пред Твојот страшен престол,зашто си благословен во вечни векови, Амин“.

И така, во молитва, својата блажена душа Му ја предаде на Бога,а нејзиното тело верните го погребаа според христијанскиот обичај,но не на општите гробишта,туку одвоено,како тело на туѓинка која никому не беше кажала која е и од каде е.

Вакви беа подвизите на преподобната Петка, вакви беа борбите на духовната мајка која, иако малку време се подвизуваше на земјата и многу страдаше и  прими голема слава на небесата.

Но, Бог не дозволи да остане непозната, ниту да пропадне нејзиното непорочно тело, туку и за тоа направи големо чудо: сакајќи да ја прослави Својата угодница, нејзините свети мошти ги откри по многу години,и тоа на следниов начин. Таму негде во близина, на еден столп, се подвизуваше еден столпник. Еден ден брановите исфрлија тело на еден морнар кој за време на пловидбата тешко се разболел и умрел.

Од неговиот леш почнала да се шири страшна смрдеа, така што не било можно да се мине по тој пат. Таа смрдеа не можеше да ја трпи ни столпникот, па затоа бил принуден да слезе од столпот и да им заповеди на некои луѓе да ископаат длабока јама и засмрдениот леш да го закопаат. Копајќи, тие луѓе, по Божја промисла, го најдоа непропадливото тело како лежи во земјата и се зачудија на тоа. Но, како прости и неуки, тие не обрнаа внимание на тоа и не сфатија како треба. А говореа меѓу себе: „Кога ова тело би било свето, Бог тоа би го открил преку некакви чудеса“. При такво размислување, тие повторно со земја го затрупаа непропадливото тело, фрлајќи го таму и смрдливиот леш, па си отидоа по своите домови.

А кога се стемни, еден од нив, по име Георгиј, човек христољубив, се молеше на Бога во својот дом. Кога пред зори заспа, на сон виде една царица како седи на пресветол престол, а околу неа стои мноштво пресветли војници. Кога го виде тоа, Георгија го обзеде голем страв и тој падна на земјата, бидејќи не можеше да го гледа тој сјај и таа убавина. А еден од тие светли војници го фати Георгија за рака, го подигна и му рече: „Георгие, зошто така го омаловаживте телото на преподобна Параскева и

крај него погребавте смрдлив леш? Веднаш извадете го телото на Преподобната и положете го на достојно место, зашто Бог сака Својата слугинка да ја прослави на земјата“.Тогаш и светлата царица му рече на Георгија:„Побрзај и извади ги моите мошти и положи ги на чисто место, оти не можам повеќе да ја трпам смрдеата на оној леш. Зашто и јас сум човек, и мојата постојбина е Епиват, каде што вие сега живеете“.

Истата ноќ, такво исто видение имаше и една благочестива жена, по име Ефтимија. Утредента и обајцата на сите им раскажаа за своите виденија. Кога тоа го чу благочестивиот народ, сите со свеќи, кадилници и мириси поитаа кон моштите на преподобна Параскева и, кога со големо стравопочитание ги извадија од земјата, им се радуваа како на некое скапоцено богатство и ги положија во црквата на светите апостоли Петар и Павле, во Епиват. По молитвите на преподобна Параскева од нејзините свети мошти многу луѓе добиваа исцелување: слепи прогледуваа, хроми проодуваа, луѓе болни од разни болести добиваа здравје.

По два века[48], почна да слабее византиското царство и, по Божјо допуштање, Латините/крстоносците/ го заседоа Цариград и сите драгоцености; свети сосуди, свети мошти и друго ги носеа во Рим. Во 1238 година, благочестивиот бугарски цар Јоан Асен реши светите мошти на преподобната мајка наша Параскева да ги ослободи од тиранската власт на крстоносците. Кога царот Асен им ја пренесе на крстоносците својата намера моштите на преподобна Параскева да ги пренесе во својата престолнина Трново, тие веднаш се согласија. Во Трново светите мошти беа свечено дочекани и положени во придворната црква, каде тие почиваа непропадливо и даваа разновидни исцелувања на сите оние што со вера им пристапуваа.

Кога турскиот султан Бајазит I го освои Трново,чесните мошти на света Петка беа пренесени во Валахија[49]. А кога Турците ја заседоа и Валахија, по барање на царица Милица, овие свети мошти беа пренесени во Белград. Потоа во Белград е изградена црква посветена на света Петка,

[48] Света Петка живеела во IX или почетокот на X vek.
[49] Валахија-Влашка е југозападниот дел на денешна Романија.Моштите на света Петка тогаш беа во Видин/ на Дунав/.

која и денеска постои /на Калемегдан/ и во која се наоѓа извор на света Петка. Набожните белграѓани таму одат често, особено во петок.

Кога во 1521 година султанот Сулејман II го заседе Белград, ги заплени и моштите на света Петка, ги пренесе во Цариград и ги постави во своите палати. И таму се случуваа многубројни чудеса од богосилните свети мошти, па затоа преподобната мајка Параскева ја славеа не само христијаните, туку и муслиманите. Но тоа ги вознемири муслиманите и тие, плашејќи се верата во чудотворната сила на светите мошти од света Петка да не се прошири уште повеќе меѓу муслиманите, а и поради молбите и заземањето на христијаните, овие свети мошти им ги предаде на цариградските христијани и тие чесно ги положија во Патријаршиската црква.

Во 1641 година Молдавскиот војвода Василиј Лупул посака моштите на света Петка да бидат пренесени во неговата православна земја.Оваа негова желба ја поткрепи Господ, Кој е прославен во светите Свои и, сакајќи и во Молдавија да ја прослави светителката Своја, во срцето на цариградскиот патријарх Партениј стави мисла да му ја исполни желбата на Молдавскиот господар.Тогаш патријархот, во согласност со целиот свештен собор, чесните мошти на света Петка му ги испрати на војводата Василиј во неговиот престолен град Јаш[50]. Таму, со големо славење и радост на жителите од цела Молдавија, чесните мошти беа положени во црквата на Светите Три Ерарха, на 14 октомври 1641 година.

Со бројните чудеса и денес овие свети мошти непрестајно го прославуваат Господа, секогаш дивен во светите Свои.

## 26 октомври

## Света великомаченица Злата/Хрисија/ Мегленска



Светата девственица и невеста Христова Злата се родила и пострадала во мегленската област, во село Слатина. Ќерка на сириомашни и прости родители, таа била украсена,како со душевни,така и со телесни добри особини: Душевни-со тврда вера во Бога, девстевеност и целомудрие; телесни-со убавина, поради која и се удостоила со слава да го прими маченичкиот венец.

Еден Турчин од тоа место,примамен од ретката Златина убавина, решил да најде погодно време да ја задоволи својата гнасна страст. Еден ден Злата отишла во шумата по дрва, заедно со други жени. Сладострасниот Турчин, по неколку свои другари бесрамници и со нивна помош, ја фатил и присилно ја одвел во својот дом. Во почетокот се обидувал со разни ветувања да ја обрати во исламот, давајќи ѝзбор дека ќе се ожени со неа, само ако таа се потурчи.А во случај да се спротивстави, и се заканил со смртни маки. Поразена од неочекуваната дрскост, Злата ни малку не се збуни. Откако го повика на помош светото име на Господа Исуса, таа смело одговори: „Јас верувам и Му се поклонувам само на Господа Исуса Христа; Он е единствениот мој младоженец, од Кого јас никогаш нема да се одречам, што и да направите со мене, па макар да ме исечете на делови“.

---

[50] Јаш е главниот град на Молдавија,која со Валахија ја сочинува денешна Романија.

Поразени од таквиот говор, Турците увиделе дека не можат оваа девојка да ја придобијат на своја страна со обични средства и дека треба да измислат нешто друго. Знаејќи дека жените имаат поголема дарба за убедување, тие им ја предале Злата на своите жени, за да ја придобијат за она што тие сакале. Што сé не направиле тие жени со маченицата? Какви се лукавства тие не употребиле, за да ја обратат несреќната во исламот? Се било попусто! Блажената била глува за нивните убедувања и тврда како камен во Христоивата вера.

Најпосле раздразнетите Турчинки ги повикале родителите и /трите/ сестри на маченицата и им наредиле да го употребат сето свое влијание врз девојката и да ја принудат да го прими исламот, во спротивно, се заканиле дека ќе ја убијат непокорната, а нив ќе ги казнат строго и ќе им го одземат имотот.

Страв ги обзел родителите и сестрите Златини и тие почнале да ја молат да го прими исламот / да се потурчи /. По нивните молби и солзи не можеле да го смекнат тврдото срце на Злата. „Ќерко наша, мила ќерко наша - плачејќи говореле таткото и мајката, - смилувај се над родителите и над твоите сакани сестри. Сите ние ќе загинеме поради тебе. Одречи се привидно од Христа! Со тоа ќе се спасиш и себе си и нас. Христос е многумилостив. Он ќе ти го прости твојот грев, кој е направен од нужда и под насилство“!
Можно е човек да си ја замисли таа борба што произлегувала од душата на маченицата, меѓу природните чувства на љубов кон родителите и долгот на вистинска христијанка!

Молбите на таткото и мајката и горчливите солзи на сестрите го раскинувале чувствителното срце на Злата. Судејќи според сé, таа била должна да попушти пред гласот на природата, но цврстата убеденост и невидливата сила на Господа го победиле сомнежот на маченицата и примките на ѓаволот. Умната и великодушна Злата, чие срце горело со пламена љубов и тврда вера во Христа, ги победила природните чувства; таа ги надминала чувствата на телото и на крвта, затоа што родбинските врски ја влечеле кон вечната погибел; блиските по срце, што ја молеле,и самите не знаеле што сакаат, затоа таа им рекла на родителите и на

сестрите:„Ако и вие ме принудувате мене да се одречам од Христа, вистинскиот Бог, вие не сте мои родители и сестри! После ова, јас се откажувам од вас. Наместо вас, мој татко ќе ми биде Господ Исус Христос, мајка-Владичица Пресвета Богородица, а светите маченици и маченички ќе ми бидат браќа и сестри“! Таков бил одговорот на храбрата Злата. Врз неа се исполнија зборовите, изречени од пророк Давид: „Татко ми и мајка ми ме оставија, но Господ ме прими”./ Пс.26,10 /.Или: “Непријатели на човекот ќе бидат неговите домашни“. / Мт.10,36 /.

Кога неверниците / Турците /, особено грабнувачите на девојката, увиделе дека тие нивни средства не водат кон ништо, тие ги оставиле своите лукави убедувања и прибегнале кон нечовечки измачувања. Најнапред, во продолжение од три месеци, злосторниците катадневно ја биеле невината жртва со палки. Потоа од нејзината кожа режеле ремени и ги обесувале пред нејзините очи, со цел уште повеќе да ја заплашат, додека од нејзиното растргнато тело течеле потоци крв и ја напојувале земјата. Но и тие грубости не ги заситиле нивните ѕверства. Бидејќи маченицата и натаму останувала жива, нечестивите усвителе еден железен стап и го провлекле од едниот крај на увото до другиот, така што низ носот и устата на маченицата излегуваше чад.

Света Злата ги поднесувала сите измачувања со непоколеблива храброст и натприродно трпение, зашто ја крепела невидливата сила на крстот и непобедливата љубов кон распнатиот / Господ Исус Христос /. До маченицата дошол глас дека во селото се наоѓа игуменот на светогорскиот манастир Ставроникита-отец Тимотеј-духовник на нејзиниот татко. /Тој благочестив маж и нѝ раскажува за маченештвото на Злата/. Таа испратила при него еден христијанин со молба да се помоли за неа Господ да ја удостои богоугодно да го заврши својот маченички подвиг.

Свирепоста и крвожедноста на гонителите не се задоволувале со своите ѕверства. Тие се срамеле што слабата девственица го победила нивното безумство и останала меѓу живите. Во својата ожесточеност против страдалницата, тие ја обесиле на едно дрво и нејзиното девствено тело го исекле на ситни парчиња. Така добрата Злата, очистена како добро злато во огништето на жестоките страдања, ја предаде својата света

душа во рацете на Својот бесмртен Младоженец и примила двоен венец-девство и маченииштво. Христијаните тајно ги зеле нејзините раскинати девствени останки и со потребното благоговение и чест ги предале на земјата.

Света Злата пострада во месец октомври 1795 година.

**24 ноември**

**Св. вел. мач. Екатерина.**



Светицата му била ќерка на царот Конста. По смртта на таткото таа живеела со нејзината мајка во Александрија. А мајка ѝ била христијанка која преку нејзиниот духовен отец тајно ја воведувала во Христовата вера. Во една визија св. Екатерина добила прстен од самиот Господ Исус во знак на верност кон Него. Екатерина била со необична телесна красота, мошне надарена од Бога, упатена во грчка философија, медицина, реторика и логика. Кога царот Максенциј им принесувал жртви на идолите и наредувал и други да го прават истото, св. Екатерина излегла смело пред царот и ја разобличила неговата идолополклоничка заблуда. Гледајќи дека таа е појака во мудроста и знаењето, повикал 50 најмудри луѓе да се надмудруваат со неа за верата и да ја посрамотат. Но, Екатерина нив ги надмудрила и ги посрамотила. Разгневениот цар наредил сите 50 мудреци да се фрлат во оган. Овие мудреци по молитвата на св. Екатерина пред смртта се преобратиле во христијанство. Кога била маченицата во затвор го преобратила во вистинската вера и царскиот војвода Порфириј со 200 војници и самата царица. Сите пострадале за Христа.

Кога ја мачеле св. Екатерина нејзе ѝ се јавил ангелот Божји, кој го запрел и скршил тркалото со кое била мачена светата девојка. Потоа ѝсе јавил самиот Господ Христос и ја утешил. После многу измачувања Екатерина била исечена со меч кога имала 18 години, на 24 ноември во 310 година. Од нејзиното тело потекло млеко наместо крв.

Чудотворните мошти на светицата денеска ѝ почиваат на Синај.

**4 декември**

**Св. вмч. Варвара**




Оваа славна Христова следбеничка се определи за Христа уште на сосема млади години. Нејзиниот татко Диоскор потекнуваше од градот Илиопол Мисирски, беше богат и заземаше важна положба во градот, но истовремено тој беше и многубожец. Тој знаеше за погледите на својата ќерка-единица која се одликуваше со мудар ум и со невидена убавина и токму затоа ја затвори во висока кула. Но, Диоскор истовремено ја опкружи со разни погодности, ѝ даде слугинки да ѝ служат, ѝ постави разни идоли и ѝ соѕида бања со два прозора. Гледајќи ја низ прозорецот на кулата земјата долу и ѕвезденото небо горе нејзе ѝ се отвори умот со Божја благодат и го спозна единствениот вистински Творец Бог, иако никој не ѝ го кажа тоа. А кога татко ѝ не беше дома, таа излезе од кулата и, по Божја Промисла, се сретна со некои христијанки кои ѝја објаснија вистината за верата во Христа. Срцето на Варвара ѝ се разгоре со љубов спрема Христа Господа. Таа нареди да ѝсе направи уште еден прозорец во бањата, за да можат трите прозорци да бидат симболи на Света Троица. Потоа на едно место во бањата со прст нацрта крст, а крстот се вдлаби во каменот врежан како со железо. Од нејзините стапки протече вода, која подоцна вршеше исцелување од разни болести.

Кога дознал за ова татко ѝ на Варвара  сурово ја казнил, ја избркал од кулата и тргнал по неа за да ја убие. Таткото ја одвел својата ќерка Варвара кај началникот Мартијан, за да ја мачи. Варвара иако беше невина ја шибаа се додека целото тело не ѝ беше покриено со крв и со рани. Во затворот ѝ се јави Господ со ангелите и ја озрави. По нејзиниот подвиг тргна и друга жена-Јулијанија. И двете беа мачени и носени по градот за исмевање. Потоа им ги отсекоа нивните гради и од нив истече многу крв. Најпосле ги изнесоа на погибел каде таткото си ја закла ќерката со свои раце, а Јулијана ја заклаа војниците. Истиот ден удри гром на куќата на Диоскор и го уби него и Мартијан. Св. Варвара пострада во 306 година. Нејзините мошти ѝ се наоѓаат во Киев. Таа била прославена во Христовото царство и се јавува до денешни дни, некогаш сама, некогаш во придружба со Пресвета Богородица.

**1 април**

**Св. Марија Египетска**



Животопис на оваа прекрасна светителка ѝ напишал патријархот Софрониј Ерусалимски.

Имаше еден човек во еден од палестинските манастири. Зосима му беше името на тој старец. И еднаш старецот излезе од својот манастир и одејќи по трагите дојде воден од божјата волја во Јорданскиот манастир. Таму здогледа едно човечко суштество со суво, голо тело и коси бели како снег .

Бидејќи тоа човечко суштество се криеше од погледот на Зосима, старецот долго трчаше се додека човечкото тело не прилегна во еден поток и не викна: „Авва Зосимо, не можам да се свртам со лице кон тебе, зашто сум жена и, како што гледаш, гола, и срамотата телесна не ми е покриена. Но, ако сакаш на една жена грешна молитва да ѝ даруваш, фрли ми ја облеката што ја носиш да ја прикријам немошта женска и ќе се свртам кон тебе и молитва у тебе ќе земам“. Тогаш Зосима ѝ ја фрли горната облека, а таа се нагрна и му се јави. Старецот се уплаши кога чу дека го викаат по име.

После долго навалување жената му го раскажа својот живот.

Таа била родена во Мисир, а од дванаесеттата година почнала да живее развратно. Потоа заминала во Александрија каде проживеала 17 години во разврат. Гонета со ненаситна желба и незадржлив порив таа седна во коработ кој пловеше накај Ерусалим. Доаѓајќи во Светиот Град таа посака да влезе во црква и да се поклони пред Чесниот крст, но некоја невидлива сила ја задржуваше и не ѝдаваше да влезе. Со голем страв таа погледна накај иконата на Пресвета Богородица и ѝ се молеше нејзе да ѝ дозволи да влезе и да го бакне Чесниот крст, да ја исповеда својата грешност и нечистотија, ветувајќи дека потоа ќе отиде таму каде ќе ја прати Светата Пречиста. Тогаш ѝ беше дозволено да влезе во црквата. Бидејќи го бакна светиот крст, излезе повторно пред иконата за да ѝ заблагодари на Богородица, но во тој момент зачу глас: „Ако го преминеш Јордан ќе наидеш на добар мир“! Таа веднаш купи три леба и тргна за Јордан, каде стигна истата вечер. Утредента се причести во манастирот на св. Јован и ја премина рката. И поживеа во пустињата цели 48 години во преголеми маки, во страв, во борби со страсните помисли како со диви ѕверови. Се хранеше со зелје. Потоа кога стоеше на молитва ја виде Зосима како стои подигната во воздух. Таа го замоли другата година да ѝ донесе св. причесна на брегот на Јордан, за да се причести. Идната година Зосима дојде со Причесување на брегот на Јордан и се чудеше како светителката ќе помине преку Јордан. Тогаш ја виде неа како доаѓа до реката, ја прекрстува и поминува по водата како по суво. Кога се причести таа го замоли идната година повторно да дојде на оној поток , каде што првпат зборуваа. А кога мина годината, Зосима отиде пак во пустината.

И дојде до местото каде што се гледаше потокот. И застана на неговиот крај и виде дека на страната што е на сонцевиот исток преподобната лежеше мртва, и рацете како што е подобно така ги сложила и спрема исток доброобразно лежеше. Стапи кон нозете на блажената и со солзи ги миеше и ниеден дел од телото нејзино не смееше да го допре.

И тогаш виде над нејзината глава написание на земјата пишано вака: „Погреби го, авва Зосимо, на ова место телото на бедната Марија“!

И така Зосима го сохрани телото на чудесната светица Марија Египетска. А кога се врати во манастир ја раскажа целата историја за нејзиниот живот и за чудата, кои тој лично ги виде. Така Господ знае да ги прослави грешниците кои се покајуваат. Св. Марија се споменува и во петтата недела од Чесниот Пост. Црквата во овие посни денови ја истакнува оваа светица како пример за покајување.

Светицата се упокоила во 530 година.

**7 јули**

**Страдањето на света великомаченица Недела /Кириаки/**



За време на христоборните цареви Диоклецијан /284-305/ и неговиот зет Максимијан /305-311/ во Анадолија живееја две набожни стари души, Доротеј и Евсевија.Тие беа набожни христијани; беа богати но и бездетни.Тие му се молеа на Бога да им подари дете, ветувајќи дека ќе Му го посветат Нему. Бог ја услиша нивната молитва и во недела им се роди женско дете, поради што на детето му го дадоа името Недела и го крстија со светата тајна Крштение.

Родителите ја воспитуваа Недела во христијанското учење и добродели, и така уште од детството Недела самата Му се посвети на Бога, воздржувајќи се од сé она што го прават разгалените деца. Кога порасна, прекрасна со тело и душа, навалија мнозина стројници, но таа ги одби сите, велејќи дека таа се свршила за Христа Господа, и дека не сака

ништо друго, освен да умре како девојка. Еден од тие одбиени стројници ја обвини пред царот Диоклецијан и Недела и нејзините родители дека се христијани. Царот заповеди да ги мачат родителите на Недела и, по измачувањето, ги испрати кај управителот Јуст во градот Мелитина, каде пострадаа маченички за Христа. А света Недела Диоклецијан ја испрати на суд во Никомидија при кесарот Максимијан. Откако ја сослуша Недела и виде дека е цврстса и непоколеблива во Христовата вера, Максимијан нареди да ја положат на земјата и долго време ја биеја со воловски жили. За тоа време маченицата Му се молеше на Господа, и тоа страшно го



налути мачителот Максимијан, па им викаше на војниците,што го мачеа. Тогаш светата маченичка му рече:„Немој да се мамиш Максимијане, никогаш не ќе можеш да ме покориш на твојата волја бидејќи Бог ми помага".

Потоа Максимијан ја испрати света Недела при управителот на Витинија[51] Иларион.Тој ја сослушал и наредил да ја воведат во идолскиот храм; но таму света Недела Му се помоли на Бога и стамна силен земјотрес, од кој сите идоли во храмот испопаќаа на земјата, се искршија и во прав се претворија; потоа светна молња и го изгоре лицето на управителот Иларион, па тој падна од својот трон и умре.

По смртта Иларионова за управител на таа област дојде Аполониј. Известен за сé што се случило, Аполониј ја изложи света Недела на ѕверски маки, па ја фрли во затвор. Кога света Недела лежеше во затворот сета во рани, ѝ се јави Господ Христос, ја исцели и ѝ рече: „Не плаши се од маките, Недело, мојата благодат е со тебе".

Кога управителот Аполониј повторно ја изведе света Недела на суд и маки, тој донесе пресуда да биде изгорена во оган. Слугите подготвија

силен оган и во него ја фрлија маченицата. А светата маченичка, откако ги подигна рацете кон небото,долго му се молеше на Бога. И тогаш, од чистото и ведро летно небо, се спушти облак и го изгаси огнот кој ни најмалку не ја повреди светата маченичка. Потоа управителот нареди на маченичката да бидат пуштени разни ѕверови, но и тука таа остана неповредена, бидејќи ѕверовите како кротки јагниња легнаа крај нејзините нозе. Гледајќи го ова необично чудо, мнозина од присутните незнабошци поверуваа во Господа Христа. Но сите беа посечени. Света Недела му рече на Апоонија: „На никој начин не можеш да ме одвратиш од мојата вера. Ако ме фрлиш в оган, го имам примерот на Трите Момчиња; ако ме фрлиш пред ѕверови, за пример го имам Даниил; ако ме фрлиш в море, го имам примерот на пророк Јона; ако ме предадеш на меч, ќе се сетам на чесниот Претеча“ /Јован/. За мене животот е да умрам за Христа.

Тогаш Аполониј нареди маченицата пак да ја вратат во затворот. По некое време, управителот Аполониј, седнат во судницата, од судиското место ја изрече смртната пресуда за маченичката: да биде посечена со меч. Тогаш џелатите ја зедоа света Недела и ја изведоа надвор од градот за да ја погубат. Света Недела ги замоли за дозвола да Му се помоли на Бога. Џелатите ѝ дозволија. Тогаш таа клекна на колената, ги подигна рацете кон небото и Му се помоли на Бога, Бог да ги помилува и да ги спаси сите оние што ќе го слават нејзиниот спомен, и да ја упокои нејзината душа заедно со душите на нејзините родители.

Откако ја заврши молитвата, таа Му ја предаде својата душа на Бога, уште пред да се спушти мечот врз нејзината глава. А кога војниците дојдоа при неа да ја извршат смртната казна, видоа дека таа веќе умрела, и се зачудија. При тоа слушнаа глас Божји од небото, кој им рече: „Одете, браќа, и раскажувајте им на сите за големите Божји дела“.
Војниците потоа се вратија, славејќи Го Бога.

Света Недела чесно пострада и се пресели во вечната радост на Својот Господ 289 година, во Никодимија. Оваа света маченица особено се празнува во Далмација и Јужна Италија, но и кај нас.

---

[51] Витинија-римска област во Мала Азија,на брегот на Мраморното и на Црно море,на

**16 јули**

**Св. мч. Јулија**



Света Јулија била родум од Картагена, од важно семејство. Кога Персијанците ја покориле Картагена, многу народ бил одведен во ропство. И св. Јулија била фатена и заробена. На тој начин таа стигнала во рацете на некој трговец од Сирија. Трговецот бил многубожец. Бидејќи знаел дека Јулија е христијанка, тој ја советувал повеќе пати да се одрече од Христа и да стане како него, но таа секогаш го одбивала тоа. И бидејќи Јулија беше верна и одана во службата тој ја остави на мира и не ѝ зборуваше повеќе за верата. Еднаш трговецот натовари роба на кораб, ја зеде Јулија со себе и тргна по море надалеку, заради трговија. Кога стигнаа на Корзика, имало многубожечки празник и трговецот му се придружил на жртвопринесувањето. За тоа време Јулија останала во коработ плачејќи за тоа што гледала колку луѓе живеат во заблуда и не ја знаат вистината. Многубошците дознале некако за Јулија, ја извлекле од коработ, иако нејзиниот господар се противел и почнале страшно да ја мачат. Прво ѝги исекле градите и ѝги фрлиле на некој камен, а потоа ја распнале на крст на кој таа му го предала својот дух на Бога. Нејзината смрт Божјиот ангел им ја јавил на монасите од блискиот остров Маргарита / или Горгона / и тие стигнале за да го сохранат чесното тело на маченицата.

Многу чуда се случувале на гробот на св. Јулија низ векови и векови, а самата таа им се јавувала на некои по смртта.

Светицата пострада чесно во VI столетие.

---

исток се граничела со Пафлагонија,а на југ со Галатија,Фригија и Мизија.

По многу години верниците сакале да соѕидаат нова црква во чест на света Јулија, бидејќи старата црква била тесна и распадната. За таа цел тие собрале материјал: камен, цигли, песок и друго што треба на тоа ново место. Но, се случи ноќта спроти оној ден кога имале намера да положат темел, целиот материјал со невидлива рака да биде однесен до старата црквичка. Не знаејќи што да прават луѓето повторно го пренеле материјалот на она ново место, но повторно се случи истото: материјалот се најде повторно на старото место покрај старата црква. Ноќните стражари виделе пресветла девојка како на бели волови превезува материјал кон старата црква. Од ова сите дознаа дека св. Јулија не сака нејзината црква да се гради на друго место и затоа ја срушија старата црква и на истото место подигнаа нова.

**17 јули**

**Света Марина**




Света Марина била родум од Антиохија Писидиска. Нејзините родители биле многубошци. Кога имала 12 години Марина првпат слушнала за Христа и срцето ѝ се исполнило со љубов кон него. Таа многу посакувала да го прими своето крштение, но поради прогонството немало свештеник, ниту во градот, ниту, пак, во околината да ја изврши таа света тајна. Марина ја очекувала божјата волја. Таа го исповедала јавно името Господово без да се плаши дека може да биде прогонувана.

Нејзиниот татко ја замразил заради нејзината вера и не ја сметал за ќерка.

Кога имала 16 години Марина ја сретнал римскиот управник на истокот Олимвриј. Управникот дошол на помисла да ја земе за жена. Во разговорот меѓу нив Марина му кажала дека е христијанка и дека сака да му служи на Христа. Управникот прво ѝ наредил да им се поклони на идолите, на што таа таа му одговорила: „Нема да им се поклонам, ниту да им принесам жртва на бездушни и мртви идоли да им ја давам оваа чест што му припаѓа на мојот Создател“.

Разгневен од овој одговор, управникот наредил да биде мачена, за најпосле одвај жива да биде ставена во затвор. Во затворот видела светол крст кој ја осветил келијата и се слушнале зборовите: „Радувај се зашто наскоро ќе влезеш со мудрите во царството на Небесниот Цар“.Одеднаш

раните ѝ се исцелиле и силата ѝ се повратила. Го молела Бога да ја удостои со своето крштение и измиена со оваа тајна да влезе во Царството небесно.

Утредента, кога ја нашле излекувана, била пиовторно мачена. Додека била измачувана, гласно го молела Бога да ја удостои со крштение. Поттикнат од таа молитва, управникот наредил да ја изврзат со железни окови и да ја мачат во оган и во вода. На крајот света Марина била исечена со меч.

Една рака на света Марина се наоѓа во манастирот Ватопед во Света Гора. Друг дел од нејзините мошти се наоѓа во манастирот со нејзиното име на планината Ланга во Албанија спроти Охрид.

На нејзиниот гроб се случуваат чуда, како над христијани, така и над муслимани.

**22 јули**

**Марија Магдалена.**



Била родена во местото Магдала, покрај Генисаретското Езеро, во Исахаровото племе. Била мачена од седум зли духови од кои ја ослободил Господ Исус и ја направил здрава. Му била верна следбеничка и служителка на Бога за време на Неговиот земен живот. Под крстот на Голгота стоела и Магдалена и горко тагувала заедно со Пресвета Богородица. По смртта на Господа таа три пати го посетила Неговиот гроб. А кога воскреснал Господ, таа го видела два пати: еднаш таа самата, а другиот пат заедно со останатите жени. Патувала во Рим, излегла пред кесарот на Тиберија и давајќи му црвено јајце, го поздравила со зборовите: „Христос воскресе"! Во исто време го обвинила кесарот Пилат за неговата неправедна осуда на Господа Исуса. Нејзината молба кесарот ја примил и го преместил Пилат од Ерусалим во Галија каде овој неправеден судија го завршил својот живот со тешка болест и во царска немилост. Потоа се вратила од Рим во Ефес кај светиот Јован Богослов, кому му помагала во проповедувањето на Евангелието. Со голема љубов кон воскреснатиот Господ и со голема

ревност го ширела Евангелието како вистински Христов апостол. Својот живот го завршила во Ефес и била сохранета, по преданието, во истата пештера во која биле на неверојатен начин заспани, а потоа и оживеани седум младичи. Моштите на св. Магдалена ѝ биле пренесени подоцна во Цариград. Во близина на Гетсиманската градина се наоѓа прекрасен руски храм посветен на св. Марија Магдалена.

* Текстовите на житијата се дадени според следниве изданија:Житија светих девојака, Крагујевац 1937; Јустин Поповиќ, Житија светих / за повеќе месеци /; отац Јустин Поповиќ, Житија светих девојака, Београд 1988; епископ Николај, Охридски пролог, Ваљево 1991 година / фототипно „Света Петка“, Скопје 1982 / текстот го преведе и обработи протоѓакон Јован Таковски, проф./; Добрила Миловска-Јован Таковски, Македонската житијна литература, Скопје 1996 година; Освећ ење времена, Београд 2000.